ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

# МОБИЛНОСТ



**Работна средба со премиерот Никола Груевски**

**Проект „Инклузивни детски игралишта“ во завршна фаза**

**Донирани електромоторни количкi**

**Барање до Влада на РМ за бенефиции за лицата со телесен инвалидитет**

**Препораки кон првиот Иницијален извештај**

БРОЈ 79, ФЕВРУАРИ 2014
www.mobilnost.mk
e-mail: contact@mobilnost.mk




ТРАДИЦИЈА
МОЌ







ПАРАЛИЗА



# МОБИЛНОСТ

## ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА


***Издавач:***
***МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА***

***Уредувачки одбор:***
***Главен и одговорен уредник:***
Митко Фидановски

***Одговорни уредници:***
Бранимир Јовановски
Нико Јанков

***Издавачки совет:***
Бранимир Јовановски
Нико Јанков
Штерјо Николов
Стеван Ангелески
Буран Бала
Лилјана Матеничарска
Велибор Јакимовски
Васил Томов
Дејан Ѓорѓиевски
Венко Голабоски
Ефтимчо Атанасовски

***Лектор:***
Ангелина Николовска

***Адреса:***
Национален сојуз на
лица со телесен инвалидитет
Мобилност Македонија
Ул. „11 Октомври“ бр. 42/а – Скопје
Тел: (02) 3 211 280

***Жиро сметка:***
300000000106445
Комерцијална Банка

Печатено во 1200 примероци
Излегува тримесечно
Бр. 79, Февруари 2014
Со решение бр. 01-483/2 од
16.05.1994 год. весникот
„Феникс 86“ е запишан
во регистарот на весниците

***Дизајн и компјутерска подготовка***
Далибор Јовановски

***Печат:***
„Фокус принт“ – Скопје

Весникот е бесплатен.


СОДРЖИНА


ЗБОР НА УРЕДНИКОТ 2
ОДРЖАНА XIII СЕДНИЦА НА УПРАВЕН ОДБОР НА МОБИЛНОСТ МАЕДОНИЈА 3
ОДРЖАНА РЕДОВНА ГОДИШНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА МОБИЛНОСТ МАЕДОНИЈА 4
ВО ПОДГОТОВКА НОВ ЗАКОН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ (И ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА) НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ 5
ИНИЦИЈАТИВА ЗА ДОБИВАЊЕ НА БЕНЕФИЦИИ ЗА НАБАВКА НА МОТОРНО ВОЗИЛО 7
РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ИЗГРАДБА НА ИНКЛУЗИВНИ ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА 8
ШТО Е ДИСКРИМИНАЦИЈА И КАКО ДА СЕ ЗАШТИТИМЕ 10
ДВЕ ИНВАЛИДСКИ КОЛИЧКИ НА ЕЛЕКТРОМОТОРЕН ПОГОН ДОНАЦИЈА ОД НЛБ НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД 12
ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ
СО ИНВАЛИДНОСТ И ДОНИРАА КОЛИЧКА НА КОЛЕШКАТА РОЗА МОЈСОВСКА 13
РАБОТИЛНИЦА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ОН ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ 14
РАБОТНА СРЕДБА СО ПРЕМИЕРОТ НИКОЛА ГРУЕВСКИ 15
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА – ПРЕПОРАКИ КОН ПРВИОТ ИНИЦИЈАЛЕН ИЗВЕШТАЈ НА РМ 16
НОВОСТИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА 17
ДИСТРИБУИРАНА ПОМОШТА ВО ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА 18
НОВОГОДИШНА СРЕДБА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ 18
ЕДУКАТИВНО ПРЕДАВАЊЕ – СОРАБОТКА НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ И „СЛАВЕЈ“ А.Д. – СКОПЈЕ 20
ЕДНОДНЕВНО КРЕАТИВНО ДРУЖЕЊЕ СО ЗБРАТИМЕНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ОД ВРАЊЕ, РЕПУБЛИКА СРБИЈА 22
КОНФЕРЕНЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ТАКСО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНО КОНСУЛТАТИВНО ТЕЛО НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 23
ИНФОРМАТИВНО ПРЕДАВАЊЕ ЗА ХИПОТЕРАПИЈА ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ 28
„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА РАБОТИЛНИЦА НА УСАИД 29
РАЗМИСЛУВАЊЕ ЗА ИДНИОТ МОДЕЛ ЗА ПРОЦЕНА – КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА КАНЦЕЛАРИЈАТА НА УНИЦЕФ 29
ТЕАТАРОТ ОД ВТОРИОТ КАТ И КУКЛИТЕ НА ДЕДО МРАЗ 31
ОДБЕЛЕЖАН МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ – 3 ДЕКЕМВРИ 31
ДЕДО МРАЗ ГИ ПОСЕТИ И ИЗРАДУВА НАЈМЛАДИТЕ ЧЛЕНОВИ НА „МОБИЛНОСТ СТРУМИЦА“ 32
НОВОГОДИШНА ПРОСЛАВА НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ 33
ПРОСЛАВА НА ПРАВОСЛАВНАТА НОВА ГОДИНА ВО РЕСЕН 34
„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ ЈА ОДБЕЛЕЖА ПРАВОСЛАВНАТА НОВА ГОДИНА – ВАСИЛИЦА 34
ОДБЕЛЕЖАН ПРАЗНИКОТ СВЕТИ ВАСИЛИЈ ВЕЛИКИ (СТАРА НОВА ГОДИНА – ВАСИЛИЦА) 35
УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАНИ ТРИ ПРОЕКТИ ОДОБРЕНИ ОД ГРАД СКОПЈЕ 36
„МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ – НАЈУСПЕШНА ИНВАЛИДСКА ОРГАНИЗАЦИЈА 37
ДОКТОРОТ ВИ ОДГОВАРА 37
КУРС ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ 38
ХУМАНИТАРЕН КОНЦЕРТ “ЕСМА И ПРИЈАТЕЛИТЕ” 38
НАГРАДНА ИГРА 40
НОВО ВО ЛЕКУВАЊЕТО НА МУЛТИПЛА СКЛЕРОЗА 41
НЕ ЛУТИ СЕ ЧОВЕЧЕ 42
ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР 44
РАЗВОЈНИОТ ОД НА ВЕРА АПОСТОЛОВСКА 45
ОБЈАВЕНИ КРИТЕРИУМИ ЗА КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ПАРАОЛИМПИСКИ ИГРИ ВО РИО 2016 47



# Збор на уредникот

Во изминатиот период се случија некои значајни настани кои го одбележаа крајот на годината и почетокот на оваа година. Во овој мој уводник најпрво би се задржал на одлуката на Владата на Република Македонија да вработи 300 лица со инвалидност во јавниот сектор. Ова е значаен настан гледано од сите аспекти. Конечно, по толку долго време од постоењето на нашиот сојуз и здруженијата и толку многу заложби и програмски активности почна да се помрднува од мртва точка ова за нас значајно прашање. Од секогаш се залагавме телесните инвалиди да се вработуваат во јавниот сектор. Бројот на вработени телесни инвалиди во јавниот сектор до сега беше минимален да не речам симболичен. И тие телесни инвалиди кои се вработени во државни органи или јавни претпријатија не се воопшто вработени како лица со инвалидност или заради тоа што се инвалиди туку затоа што самите со свој труд, упорност и образование се стекнале со статус на службеници ама во една рамноправна конкуренција, како и за сите останати граѓани. Државата до сега немаше ниту стратегија, ниту слух за еден организиран пристап кон вработувањето на инвалидите во овој сектор. Инвалидите до сега единствено можеа да бидат вработени само во заштитни трговски друштва или самите да се вработат користејќи ги погодностите што ги дава Законот за вработување на инвалидни лица. На овој начин се вршеше своевидна гетоизација на инвалидите кои не беа задоволни од таквиот однос и баравме да има соодветна застапеност и во јавниот сектор каде што има секогаш соодветни работни места за нивната работоспособност.

Затоа радува фактот што конечно решавањето на ова прашање мрдна од мртва точка и дека значително ќе се зголеми бројот на вработени инвалиди во јавниот сектор бидејќи тоа е обврска на државата преземена со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност. Со оваа Конвенција, која повеќе од две години е ратификувана и која е дел од нашето законодавство, државата се обврза да ги направи достапни за инвалидите работните места во државните органи, установи и јавни претпријатија рамноправно, како и за сите други граѓани.

Да се надеваме дека овој иницијален потег ќе прерасне во државна стратегија за вработување и дека во догледна иднина ќе можеме да се пофалиме дека инвалидите се застапени во значителен број и во јавниот сектор.

Ме радува исто така подготвеноста за дијалог на министерот за труд и социјална политика со претставниците на нашиот сојуз и подготвеноста да соработува со нашето раководство за што поефикасно решавање на нашите програмски заложби. Неговиот однос кон Сојузот и неговата доверба во капацитетите на раководството и органите на управување резултираше со почести средби и дијалог за решавање на отворените прашања и неговата подготвеност да излезе во пресрет на нашите оправдани барања резултираше крајно и со состанокот кој беше организиран со премиерот каде што беа дефинирани насоките кон кои во наредниот период ќе се оди за поефикасно решавање на проблемите на оваа категорија на граѓани. Се надевам дека во наредниот период ќе произлезат и конкретни резултати со кои ќе се подобри социјалната положба на сите инвалиди.

Нашите заложби се во правец на враќање на некои од правата кои одамна сме ги имале а биле укинати како што е правото за набавка на моторни возила без да се плати данокот на додадената вредност, правото на рехабилитација на телесните инвалиди во центрите за професионална рехабилитација и бањско-климатско лекување по примерот на пензионерите, зголемување на паричните додатоци за туѓа нега, посебни додатоци и за мобилност. Воведување и на други категории на корисници на додатокот за мобилност каде што ќе бидат опфатени и лицата со и над 80% телесно оштетување кои сега не користат ваков додаток и кои поради својата работна и животна активност имаат потреба да користат ваков додаток со кој полесно ќе ја остваруваат својата потреба од движење и совладување на простор, како и секојдневните контакти со други лица.

Во текот на февруари се одржа и редовното годишно Собрание на Сојузот каде што се разгледа работењето во изминатата година и остварувањето на Програмата за работа, и се усвои новата програма според која во оваа година ќе се работи за остварување на нашите цели зацртани со Статутот.

На крај сакам на сите наши членови да им посакам успешна работа во годината што следи. На собранијата кои претстојат да се заложиме за што поиздржани и реално остварливи програми за работа, да смогнеме сили за да ги реализираме тие зацртани активности и во наредниот период сите заедно да се гордееме со постигнатите резултати од работењето.

*Митко Фидановски*

# ОДРЖАНА XIII СЕДНИЦА НА УПРАВЕН ОДБОР НА МОБИЛНОСТ МАЕДОНИЈА

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија, на 25.02.2014 година со почеток во 10 часот во просториите на ДХО „Даре Џамбаз" ја одржа XIII-та седница на Управниот одбор на која претседателот ги информираше членовите за преземените активности на сојузот помеѓу двете седници на одборот, меѓу кои за:

-текот на реализација на проектот „Изградбата на инклузивните детски игралишта",

-реализираната донација на „НЛБ Нов пензиски фонд" од две инвалидски колички на електромоторен погон,



-реализираната дистрибуција на ортопедски помагала, донација од американската хуманитарната организација „Црквата на Исус Христос на светците од подоцнежните дни", а во соработка со Црвен Крст на град Скопје,

-активности за легализација на апартманите во Охрид, изработени елаборати, поднесената документација во општина Охрид и уплата на данок на промет за завршување на постапката и добивањето на Имотни листови,

-јавниот оглас за 300 работувања во јавната администрација, забелешките упатени од дел од незадоволното членство, како и средбата со министерот Диме Спасов на која беше договорено сите жалби од лицата со телесен инвалидитет внимателно да се разгледаат и лекарската комисија да го даде конечниот збор за работоспособноста, а не работоспособноста да се оценува само врз основа на приложената медицинска документација,

-активностите на членовите на Мобилност Македонија во однос на изготвување на првиот Иницијален извештај за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност,

-работната средба со претседатвачот на Советот на општина Струмица, г-дин Марјан Даскаловски, во врска со идејата јубилејните дваесетти музички средби да ги организираме на отворено, на плоштадот на Струмица кон крајот на месец август, во рамките на одржувањето на „Културното лето Струмица 2014",

-активности околу потпишувањето на Договорот за финансирање на програмските активности на Мобилност Македонија за 2014 година од делот на средствата од игри на среќа и други забавни игри, а преку Министерството за труд и социјална политика,

Во натамошниот тек од седницата, членовите на УО на Мобилност Македонија ги разгледаа и усвоија нацрт: Извештајот за работа на Мобилност Македонија за 2013 година, Извештајот од Надзорниот одбор за извршената контрола врз материјално-финансиското работење на Мобилност Македонија во 2013, Извештајот за финансиското работење на Мобилност Македонија за 2013 година и Годишната сметка на сојузот за 2013 година, Извештаите од комисиите за извршен попис на средствата на Мобилност Македонија за 2013 година.

Се донесе одлука УО да му предложи на Собранието на Мобилност Македонија да го назначи Дејан Ѓорѓиевски за претседател на НСИОМ за мандатниот период март 2014 - март 2015 година, а едногласно беа потврдени и одлуките донесени по пат на електронско гласање и тоа: за донирање на две инвалидски колички на електромоторен погон и за уплата на данок од имот на недвижности за апартманите во Охрид.

*Б. Јовановски*

# ОДРЖАНА РЕДОВНА ГОДИШНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА МОБИЛНОСТ МАЕДОНИЈА

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија, на 25.02.2014 година со почеток во 12 часот во просториите на ДХО



„Даре Цамбаз“ ја одржа редовната годишна седница на Собранието.

На почетокот на седницата, членовите на Собранието врз основа на поднесена документација констатираа дека здружението Мобилност Охрид е избришано од регистерот на здруженија во Централниот регистар на Република Македонија и со самото тоа се брише од членството во Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија –Мобилност Македонија.

Веднаш потоа, врз основа на поднесената документација и Решение од Централниот регистар на Република Македонија, за редовна членка на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија едногласно е примено здружението Мобилност Охрид 1988.



Во натамошниот тек на седницата, претседателот ги информираше членовите на Собранието за преземените активности на сојузот помеѓу двете седници на Собра-



нието кои аналитички се внесени во Извештајот за работата на Мобилнот Маедонија за 2013 година.

Собранието по исцрпените дискусии по одделни точки ги усвои:

-Извештајот за работа на Мобилност Македонија за 2013 година,

-Извештајот од Надзорниот одбор за извршената контрола врз материјално-финансиското работење на Мобилност Македонија во 2013,

-Извештајот за финансиското работење на Мобилност Македонија за 2013 година и Годишната сметка на сојузот за 2013 година,

-Извештаите од комисиите за извршен попис на средствата на Мобилност Македонија за 2013 година.

-Програмата за работа на Мобилност Македонија за 2014 година,

-Финансискиот план за потребни средства за реализација на Програмата на Мобилност Македонија за 2014 година.

Собранието на Мобилност Македонија донесе одлука да го назначи Дејан Ѓорѓиевски за претседател на Националниот совет на инвалидските организации на Македонија за мандатниот период март 2014 - март 2015 година.

*Б. Јовановски*

# ВО ПОДГОТОВКА НОВ ЗАКОН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ (И ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА) НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

Една од приоритетните активности на националните инвалидски организации е вработувањето на лицата со инвалидност, како предуслов за нивно потполно со-



цијално влучување во општеството, обезбедување на материјална сигурност, самостојност во донесување на значајни животни одлуки (купување на стан, склопување на брак...)

Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност во членот 27 ги опишува мерките кои државите потписнички треба да ги преземат за активно вклучување на лицата со инвалидност во општествените токови и на пазарот на трудот.

Факт е дека лицата со инвалидност и во стабилни економски услови имаат проблем со наоѓање и задржување на работа, а камо ли во услови на недостаток на работни места.

Со Законот за вработување на инвалидни лица (Службен весник на РМ бр.44/2000) и со измените и дополнувањата (бр.16/2004,62/2005,113/2005,29/2007 , 88/2008, 161/2008,99//2009,и 136/2011) како и со соодветните подзаконски акти се создаде правна рамка која значеше пресвртница во односот на државата кон прашањето на вработувањето и работењето на лицата со инвалидност. Се работи за систем на посебни мерки кои се неопходни за забрзување или постигнување на фактичката еднаквост на лицата со инвалидност во областа на вработувањето. Со овој закон се уредуваат посебните услови за вработување и работење на инвалидни лица: кога самостојно вршат дејност како трговец поединец, кај работодавец или има својство на работодавец, во државната администрација, единиците на локална самоуправа, јавните претпријатија, установи, агенции и фондови и други државни институции како и условите за основање и погодностите за работење на трговското друштво за вработување на инвалидни лица - заштитно друштво.

Според податоците на Заедницата на заштитни друштва на Македонија ЗАПОВИМ - Скопје, во Република Македонија постојат 381 заштитни друштва во кои се вработени вкупно 7.841 лице, од кои 3.365 лица со различни видови на инвалидност и вкупно 4.476 лица без инвалидност (состојба заклучно со јуни 2013 година).

Иако постојат законски норми кои ги штитат вработените лица со инвалидност, сепак предрасудите (мал број на вработени во државна администрација единиците на локалните самоуправи, јавните претпријатија, установи, агенции и фондови) и злоупотребите во работ-



ните средини (фиктивно вработување, враќање на дел од месечната плата на работодавачот, непочитување на работно време од страна на работодавачите, неадекватни услови за работење) се уште постојат.

Во последниве неколку години се работи на развивање на стратешки и акциони планови според одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за вработување на инвалидни лица, но и покрај тоа се уште се забележуваат случаи на дискриминација на работното место или во самиот работен однос. На пример, за исто работно место, со ист ефект на работа, лицето со телесен инвалидитет и лицето без инвалидитет примаат различна месечна плата (во корист на лицето без инвалидитет).

Напред искажаната состојба асоцира дека е потебно да се преземат мерки за подобрување на законската легислатива од областа на вработување, а еден од начините е изработка на нов Закон со кој ќе се подобрат сегашните решенија.

Како основа за изработување на новиот Закон за вработување на инвалиди ќе бидат консултирани законите од нашето опкружување, меѓу кои и хрватскиот. Секако дека многу внимателно треба да се пристапи кон конструирање на модел на поддршка која ќе функционира во економските услови во кои се наоѓа Република Македонија, а како член на работната група особено ќе се залагам меѓу другото новиот текст да содржи:



- Јасна дефиниција кои лица со инвалидност (со кој вид и степен на оштетување) ќе бидат во можност да ги користат погодностите од Законот за вработување на лица со инвалидност;
- При подготовка на нацрт верзијата да се внимава на терминологијата и да не се употребуваат најразлични термини за лицата со инвалидност (посебни потреби, хендикепирани....)
- Да се задржат бенефитите кои ќе го стимулираат работодавачот да вработи лице со инвалидност, а посебно лицата со потежок степен на инвалидност (потполно слепо лице или лице во инвалидска количка);
- Да се овозможат бенефити од законот и за лицата кои вршат услужни дејности, а кои не се опфатени со постоечкиот закон (лекари, адвокати, нотари...);
- Минималниот број на вработени лица во заштитните организации да се врати на 5 лица, наместо досегашните 10 што предизвика затворање на повеќе фирми и отпуштања од работа на лицата со инвалидност;
- Да се предвиди воведување на квотен систем за вработување на лица со инвалидност, меѓутоа тоа да бидат нови вработувања, а не распределување и внатрешна евиденција на веќе вработени лица кои имаат заболувања на одредени системи (кардио-васкуларен, респираторен...);
- Да се задржи моделот од плаќање на придонесите од месечна плата од страна на Државата за лицата со инвалидност како бенефиција која ќе ги охрабри работодавачите да вработуваат лица со инвалидност. Доколку се предвидува да остане истиот начин како и до сега (работодавачот уплатува придонеси, а министерството до 25-ти во месецот му ги рефундира) роковите да се почитуваат доследно, а не како до сега да се доцни по 5-6 месеци, бидејќи во пракса се покажа дека самите фирми не можат да го алиментираат тој недостаток од средства;
- Да се внимава носењето на новиот Закон за вработување (и професионална рехабилитација) на лица со инвалидност да не предизвика отпуштање на вработените лица со инвалидност во значителна мера;
- **Да се предвидат мерки за намалување на злоупотребите на лицата со инвалидност на работното место**. Анализите посочуваат дека вработените лица со инвалидност често пати се жртви на дискриминација, која се манифестира низ исплата на неадекватна плата за исто работно место во однос лице со инвалидност и лице без инвалидност, вработување на несоодветно работно место, вознемирување, предрасуди и навредувачки однос на работното место;
- **Да се предвидат мерки за откривање и санкционирање на фиктивно вработување**. Постојат случаи кога на иницијатива на работодавачот лицата со инвалидност склучуваат договори за вработување, но не започнуваат со работа, а за тоа добиваат мала сума пари. Од друга страна, работодавачот ги користи бенефициите согласно Законот за вработување на инвалидни лица, што претставува класичен пример на злоупотреба;
- **Да се зајакне механизмот за следење и контрола на односот на работодавецот кон вработените лица со инвалидност,** како исклучително важно за ефективно остварување на правото на вработување за лицата со инвалидност.

Со оглед на тоа дека изготвувањето на новиот Закон за вработување (и професионална рехабилитација) на лицата со инвалидност е од исклучителна важност за самите лицата со инвалидност (лица со телесен инвалидитет, слепи лица, глуви лица и лица со интелектуална попреченост) во иднина ќе се консултирам со претставниците на националните инвалидски организации од гореневедените видови на инвалидност, со цел да дадам подобри сугестии во изработка на нацрт верзијата на Законот.

*Б. Јовановски*

# ИНИЦИЈАТИВА ЗА ДОБИВАЊЕ НА БЕНЕФИЦИИ ЗА НАБАВКА НА МОТОРНО ВОЗИЛО

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија, се обрати со допис до Претседателот на Владата на РМ, г.Никола Груевски, до Министерот за финансии, г.Зоран Ставревски и до министерот за труд и социјална политика, г.Диме Спасов со барање за овозможување на правото на набавка на моторно возило за лица со телесен инвалидитет кај кои поради загуба, оштетување или одземеност на долните екстремитети или карлицата настапило телесно оштетување од најмалку 80% според листата на телесни оштетувања, за патнички автомобили чија работна зафатнина не надминува 2,0 литри, наменети за личен превоз на лицата со инвалидност, со РЕФУНДАЦИЈА на уплатените средства за данок на додадена вредност, акциза и царина.



Во дописот истакнавме дека овие лица главно живеат во семејства со ниски примања, и токму заради немањето на поволности при набавка, истите и не се одлучуваат на купување на моторно возило за личен превоз, така да овие средства кои ги бараме како рефундација и помош од државата за подобрување на личната мобилност и не влегувале до сега во Буџетот на РМ. Лицата со телесен инвалидитет од најмалку 80% на долните екстремитети или карлицата, се лица кои тешко се движат со помош на ортопедски помагала, лица на кои моторното возило им претставува дополнително ортопедско помагало со кое единствено можат да се вклучат во сите пори на општеството, вклучувајќи редовно школување, работа, посета на здравствени установи, објекти за културен и забавен живот и сл.

Овие лица не можат или многу лимитирано можат самостојно да се движат, така да дури и за задоволување на најосновните потреби, како што е набавка на храна, посета на пријатели и слично, мораат да се движат со сопствени автомобили. За нив цената на прехранбените артикли не е иста како и за останатите граѓани, тие се принудени да плаќаат зголемен износ на цена за основни прехрамбени продукти вклучувајќи ја цената на бензин и амортизација на моторното возило. Со самото тоа и нивните потесни семејства се изложени на зголемени животни трошоци. Во многу градови во внатрешноста на РМ нема градски сообраќај, така да овие лица се принудени своите возила да ги користат за одење на работа, училиште, културно забавни активности...едноставно кажано за сите секојдневни потреби, бидејќи немаат друга опција и не можат да користат алтернативен превоз (велосипед, мотор, јавен превоз...) или да одат пешки.



Овозможувањето на правото на набавка на моторно возило за лица со телесен инвалидитет на кои поради загуба, оштетување или одземеност на долните екстремитети или карлицата настапило телесно оштетувањеод најмалку 80% според

листата на телесни оштетувања, со можност за РЕФУНДАЦИЈА на данок на додадена вредност, акциза и царина ќе претставува голема помош од страната на Владата на РМ за овие наши членови, но и директна имплементација на мерките од член 20 (лична мобилност) од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност која нашата држава ја ратификуваше на 05.12.2011 година, во кој се вели дека државите преземаат ефикасни мерки за да обезбедат лична мобилност со највисока можна независност на лицата со инвалидност.



Во прилог на дописот доставивме копија од Закон за данок на промет на производи и услуги од 1992 година (вон сила) во кој во член 14, точка 14 е опишано даночното ослободување кое го имаа лицата со инвалидност за набавка на моторно возило исклучително за свој личен превоз.

Ова иницијатива сме ја актуелизирале повеќепати во изминатите години. Овојпат се надеваме дека надлежните по ова прашање (пред се министерот за финансии), правилно ќе го разгледаат и разберат нашето барање и дека во најскор временски рок ќе донесат одредба со која ќе се овозможи право на набавка на моторно возило за лица со телесен инвалидитет на кои поради загуба, оштетување или одземеност на долните екстремитети или карлицата настапило телесно оштетување од најмалку 80% според листата на телесни оштетувања, со можност за РЕФУНДАЦИЈА на данок на додадена вредност, акциза и царина.

*Б.Јовановски*

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ

Министерството за труд и социјална политика поведе иницијатива за подобрување на социјалниот живот на децата со инвалидност и можноста за нивен правилен раст и развој, преку изградба на инклузивни детски игралишта на територија на Република Македонија. Министерството за труд и социјална политика, овој проект го реализира во партнерски однос со „Мобилност Македонија". Инаку, проектот за инклузивни детски



игралишта подразбира оформување на простор со реквизити кои би биле достапни и за децата со инвалидност. Имајќи предвид дека овие деца се со потреби од различен карактер е потребно да се предвиди простор – детско игралиште кое на овие деца ќе им обезбеди безбедно да си играат, да се социјализираат и ќе им се овозможи поттикнувачка средина за правилен раст и развој.

Во минатиот број на весникот информиравме за добиената поддршка од страна на Град Скопје за поставување на првото детско игралиште од овој тип. Доделена е локација во Градскиот парк во Скопје, кај стариот влез на Зоолошката градина, во продолжение на веќе поставеното игралиште и истата ќе биде уредена од страна на Град Скопје. Министерството за труд и социјална политика ги обезбеди потребните средства за набавка на реквизитите, односно елементите на детското игралиште. „Мобилност Македонија" ги утврди сертификатите за безбедност на реквизитите и други критериуми кои треба да ги исполнат можните изведувачи на реквизитите. Врз основа на утврдените критериуми беше спроведен избор на најдобар изведувач.

Досегашните преземени активности за Градскиот парк во Скопје се:

# ИЗГРАДБА НА ИНКЛУЗИВНИ ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА

- подготвен е проект за изгледот на детското игралиште според доделената локација во Градскиот парк во Скопје;

- добиена е дозвола од Град Скопје за локација за поставување на урбана опрема во Градскиот парк во Скопје;

- реквизитите за ова детско игралиште се нарачани преку компанијата која „Мобилност Македонија“ ја



одбра како најповолна. Истите ќе бидат испорачани на почеток на март, и

-почнато е уредувањето на подлогата од страна на Град Скопје – вадење на земјата, тампонирање, поставување на армирана жица, по што ќе следува бетонирање. По завршувањето на градежните работи, ќе започне со монтажа на реквизитите и лепење на гумената подлога. Целиот процес треба да заврши во втората половина на март по што ќе следи отворање на игралиштето.

Со цел да се прошири проектот за изградба на инклузивни детски игралишта, Министерството за труд и социјална политика презеде активности за обезбедување на поддршка од приватниот сектор и од меѓународните организации и странски амбасади во Република Македонија. За таа цел „Мобилност Македонија“ отвори донаторска сметка за обезбедување средства за поставување на мека подлога на игралиштата.

Во таа насока се појавија три домашни компании: „Фени индустри“ од Кавадарци, „Трансмет“ од Скопје и „Жикол“ од Струмица.

„Трансмет“ од Скопје обезбеди финансиски средства за поставување на детско игралиште во општина Ѓорче Петров. Доделена е локација од општината и започнато е уредувањето на подлогата на доделената локација. Во тек е нарачка на избраните реквизити кои ќе бидат поставени во оваа општина.

„Фени индустри“ обезбеди финансиски средства за поставување на детско игралиште во општина Кавадарци. За изградба на ова детско игралиште Општина Кавадарци додели локација во ценатрот на градот со површина од 340м$^2$. Локацијата се наоѓа меѓу детска градинка и основно училиште каде што има паралелки за деца со пречки во развојот, во уредено зеленило на кејот од реката Луда Мара. Кејот е уреден со модерно и пристапно шеталиште, опремен со клупи за седење, канти за отпадоци, чешми за вода и добро е осветлен. Во текот на февруари ќе започне уредување на подлогата од страна на општината, додека реквизитите се нарачани и треба да пристигнат на почетокот на март.

„Жикол“ од Струмица обезбеди финансиски средства за поставување на детско игралиште во општината Ново Село, во основното училиште „Климент Охридски“. Доделена е локација од страна на Општината, избрана е компанија која има рок од 60 дена за доставување на реквизитите. Во текот на втората половина од март ќе започне уредувањето на подлогата, по што на почеток на мај ќе се постават реквизитите.

На донаторската сметка во „Мобилност Македонија“ се пристигнати донации од Асоцијацијата на Македонците во Обединетото Кралство во Лондон, од Естер Мартин Падрон, заменик-амбасадор при амбасадата на Шпанија и од „Ген-И“ ДООЕЛ – Скопје.

Оствaривме контакт за можни донации од „Триглав осигурување“ а.д. Скопје, млекарница „Здравје Радово“ и други.

На работниот состанок во амбасадата на Република Полска во Македонија, на кој освен претставници од „Мобилност Македонија“ присуствуваа и претставници од Министерството за труд и социјална политика, добивме ветување за финансиска поддршка за изградба на инклузивно детско игралиште во Прилеп бидејќи според сондажата од Министерството за труд и социјална политика со 161 инвалидно дете, општината Прилеп има најмногу деца со пречки во развојот (Град Скопје не е вклучен во оваа сондажа).

„Мобилност Македонија“ продолжува со реализација на активностите од проектот за инклузивни детски игралишта, бидејќи Министерството за труд и социјална политика и оваа година издвои дополнителни средства за изградба на овие игралишта.

*С. Прчева*

# ШТО Е ДИСКРИМИНАЦИЈА И КАКО ДА СЕ ЗАШТИТИМЕ

Дискриминацијата како појава постоела и постои секогаш и секаде во светот, некаде повеќе а некаде помалку, бидејќи таа опстојува долго време секаде во светот и тешко се искоренува. Нема општество и нема држава каде што таа во овој или оној облик, во ова или она време не се појавувала и не нанесувала зло. Значајно е дека луѓето кои се засегнати од оваа негативна општествена појава треба да ја препознаваат во своите појавни облици и да знаат како да се заштитуваат и да го остварат своето право на достоинствен живот рамноправно, како и другите граѓани на рамноправна основа.

Најпрво би се задржал на основните начела и прописи каде што оваа тема е обработена и како е регулирана заштитата од оваа негативна појава.

Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност во член 5 го потврдува универзалниот принцип на рамноправност и еднаквост на сите луѓе:

„1. Државите страни признаваат дека сите луѓе се еднакви пред и според законот и имаат право без каква било дискриминација, на еднаква заштита и еднаква придобивка од законот.



2. Државите страни забрануваат секаква дискриминација врз основа на инвалидност и им гарантираат на лицата со инвалидност еднаква и ефикасна законска заштита од дискриминација на секаква основа“.

Во Уставот на Република Македонија во член 9 е наведено:

„Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“.

Ова се двата најзначајни акта со кои се забранува дискриминацијата по било која основа на граѓаните, а со Конвенцијата на ОН посебно се третира дискриминацијата врз основа на инвалидност. Оваа дискриминација е една од најчестите облици на дискриминација и на телесните инвалиди, па поради тоа најмногу не засегнува.

Што во Република Македонија е направено на ова поле, односно, што презема државата за спречување на сите облици на дискриминација особено на дискриминацијата врз основа на инвалидност? Освен Уставот на Република Македонија во кој е забранета секаква дискриминација и е декларирано дека сите граѓани се еднакви пред Уставот и законите, во 2010 година е донесен Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во овој Закон се утврдува дека заштитата и забраната од дискриминација се однесува на сите физички и правни лица во процесот на остварување на правата и слободите на граѓаните гарантирани со Уставот и законите на Република Македонија.

Во член 3 од овој Закон како основа за дискриминација е предвидена менталната и телесната попреченост. Понатаму, во член 8 Законот препознавајќи ја неопходноста од поблиско дефинирање на дискриминацијата врз основа на менталната и телесната попреченост содржи одредба во која под дискриминација на лица со ментална и телесна попреченост се подразбира намерно оневозможување, или отежнат пристап до здравствена заштита, односно скратување на правата на здравствена заштита, редовен медицински третман и лекови, средства за рехабилитација и мерки во согласност со нивните потреби, скратување на правото на брак и создавање на семејство и други права од областа на бракот и на семејните односи, скратување на правото на образование, на работа и правата од работен однос. Дискриминација на лицата со ментална и телесна попреченост постои и тогаш кога нема да се преземат мерки за отстранување на ограничувањата, односно прилагодување на инфраструктурата и на просторот, користење на јавни достапни ресурси, или учество во јавниот или општествениот живот (член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација).

Во контекст на лицата со попреченост во Законот е наведено и значењето на поимот прилагодување на инфраструктурата и на сервисите, како преземање соодвет-

ни мерки, потребни во одреден случај за да му се овозможи на лицето со ментална или телесна попреченост да има пристап, да учествува и да напредува во работниот процес, освен ако овие не наметнуваат диспропорционални оптоварувања за работодавците (член 5, точка 12 од Законот за спречување и заштита од дискриминација).

Со овој Закон е формирана Комисија за заштита од дискриминација. Оваа Комисија започна со работа во 1 јануари 2011 година како самостоен и независен орган. Комисијата има статус на правно лице и е сместена во зградата на Македонската радио-телевизија (ул. Кеј Димитар Влахов б.б.), а се финансира од Буџетот на Република Македонија, но може да се финансира и од други извори.

Комисијата е составена од седум членови именувани од страна на Собранието на Република Македонија со мандат од пет години со право на избор на еден повторен избор и имаат статус на именувани лица што значи дека паралелно се врши оваа функција со професионалниот работен ангажман надвор од Комисијата.

Рок за поднесување на претставка до Комисијата е три месеци од денот кога била направена повредата или најдоцна една година од дознавањето на актот на дискриминацијата. Доколку се работи за случај од таква важност заради кој би требало да се води таква постапка може да се поведе постапка и по истекот на овој рок ама тоа треба да го оцени Комисијата.



Надлежности на оваа Комисија се:

– постапува по претставки, дава мислење и препораки за конкретните случаи на дискриминација;
– на подносителот на претставката му дава информации за неговите права и можности за покренување на судска или некоја друга постапка за заштита;
– покренува иницијатива за покренување на постапка пред надлежните органи;
– ја информира јавноста за случаите на дискриминација, презема активности за промоција и за едукација на еднаквоста, на човековите права и на индискриминацијата;
– го следи спроведувањето на овој Закон, иницира измени на прописи заради спроведување и унапредување на заштитата од дискриминација;
– дава препораки на државните органи за преземање мерки за остварување на еднаквоста;
– дава мислења на предлози на закони од значење на заштита од дискриминација;
– прибира статистички податоци, спроведува студии, истражувања и обуки.

Лицата со инвалидност доколку сметаат дека се на некој начин дискриминирани имаат можност за вонсудска и судска заштита од дискриминација. Вонсудската заштита е обраќање до Народниот правобранител, Комисијата за заштита од дискриминација и Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот. Судската заштита претполага обраќање до Уставниот суд на Република Македонија, Управниот суд на Република Македонија и Основните судови во Република Македонија.

Практиката покажува дека Уставниот суд до сега имал мал број на барања, односно иницијативи за оценка дека е направена дискриминација и судот најчесто се огласил за ненадлежен и мериторно не одлучувал. Практиката во Основните судови и Управниот суд покажува дека и овде граѓаните многу малку се одлучуваат да поднесат тужби во граѓанска постапка за да се утврди дека е направена дискриминација. Телесните инвалиди ова свое право или многу ретко го користат или не знаат за тоа право, па така во судската практика не е познат случај на судска разрешница за дискриминација, а и да ги имало тоа се инцидентни и многу ретки постапки. ФАКТ Е ДЕКА ТЕЛЕСНИТЕ ИНВАЛИДИ НЕ ЗНААТ ЗА СВОЕТО ПРАВО НА СУДСКА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА И РЕТКО ГО КОРИСТАТ. На пример, меѓу другите тужбени барања може да се бара и отстранување на архитектонските препреки со кои се оневозможува пристап на лица со инвалидитет.

Владата на Република Македонија во мај 2012 година ја донесе Националната стратегија за еднаквост и недискриминација. Основна цел на Стратегијата е унапре-

дување на статусот на најранливите категории граѓани на Република Македонија и да се обезбеди континуиран развој во остварувањето на еднаквоста и на индискриминацијата. Оваа стратегија е одговор на државата на обврските кои се преземени меѓу другото и со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност. Националната стратегија се фокусира на четири основи на дискриминација: ментална и телесна попреченост, етничка припадност, возраст и пол, а тоа е преточено во стратегиски цели и активности за спроведување и за утврдување на индикатори и одговорни страни за нејзино спроведување. За да се спроведе оваа Стратегија се донесени и се спроведуваат акциски планови во кои се утврдени едногодишните приоритети, начинот на спроведување, конкретна временска рамка, надлежните институции и предвидениот буџет, очекуваниот резултат, како и индикаторите за постигнатиот успех.

Од член 3 до член 6 од Законот за судовите се утврдува дека целите и функциите на судската власт, меѓу другото, опфаќаат: обезбедување еднаквост, рамноправност, недискриминација по која било основа и обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото. Секој има еднаков пристап пред судот во заштитата на неговите права и правно заснованите интереси.

Во Законот за заштита на правата на пациентите е забранета секаква дискриминација по која било основа, па и врз основа на ментална и телесна попреченост макар да тоа експлицитно не е спомнато. Истото се повторува декларативно и во многу други закони како што се: Законот за работните односи и Законот за социјалната заштита. Во овие закони не се спомнуваат посебно лицата со телесна инвалидност но тоа се подразбира.

Со Кривичниот законик се гарантира кривично правна заштита од дискриминација и еднаквост. Во овој законик се содржани овие дела: член 137 – Повреда на правата на граѓаните, член 144 – Загрозување на сигурноста, член 319 – Предизвикување на национална расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост и едно ново кривично дело во член 394-г – Ширење на расистички и на ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем.

Се надевам дека на овој начин ќе ги информирам нашите читатели за тоа како да ја препознаат дискриминацијата и како да си ги одбранат своите човекови права. Сметам дека членовите на „Мобилност Македонија“ треба да бидат информирани за постапката за заштита на своите права и затоа овој напис ќе ги информира подетално како да дојдат полесно до правда доколку во која било ситуација се почувствуваат дискриминирани само затоа што се со телесен недостаток.

*Митко Фидановски*

# ДВЕ ИНВАЛИДСКИ КОЛИЧКИ НА ЕЛЕКТРОМОТОРЕН ПОГОН ДОНАЦИЈА ОД НЛБ НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД

Министерството за труд и социјална политика со конкретни акции ја поддржува активноста на „Мобилност Македонија“ за подобрување на положбата на лицата со телесен инвалидитет во Република Македонија. Кон крајот на минатата година ни додели дополнителни средства за спроведување на проект за инклузивни детски игралишта, кои веќе се во фаза на реализација, а во конгресната сала на спортскиот центар „Борис Трајковски“ беше организирана средба со најуспешните биз-



нис-компании на која беше промовирана идејата за зголемено вработување на лицата со телесен инвалидитет во отвореното стопанство и во јавната администрација, како и формирање на фонд за набавка на ортопедски и други помагала. Беше упатен и повик до фирмите за донација на инвалидски колички на електромоторен погон за лица кои поради тешки оштетувања на горните екстремитети со сопствена сила на рацете не можат да придвижуваат собна инвалидска количка.

Токму таквата соработка со Министерството за труд и социјална политика придонесе да се случи и првата донација од страна на НЛБ Нов пензиски фонд кои донираа две инвалидски колички на електромоторен погон. „Мобилност Македонија“ ги повика своите здруженија да предложат потенцијални кандидати за добивање на количките. По извршената селекција и рангирање, почитувајќи ги критериумите, членовите на Управниот одбор на „Мобилност Македонија“ одлучија количките да им се доделат на Џемаил Демиров од Штип на возраст од 40 години, поранешен активен спортист на кој му се ампутирани двете потколеници и двете подлактици

и на Тања Паркачева од Скопје на возраст од 39 години, заболена од мултиплекс склероза, поранешен аматерски фотограф која поради слабоста на рацете повеќе не може да го држи фотоапаратот и поради тежината на инвалидноста мораше да се откаже од таа своја пасија.

Количките им беа предадени во присуство на претставник на донаторот во ДХО „Даре Џамбаз“ на 21.1.2014 година. Неизмерна беше нивната радост и





благодарност кон овој хуман гест, а ние ќе ја продолжиме активноста и ќе се обидеме да излобираме уште донации со кои ќе ги задоволиме потребите и на другите наши членови кои имаат неопходна потреба од инвалидски колички на електромоторен погон, а за жал тоа право сега за сега не можат да го остварат преку Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

*Б. Јовановски*

# ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ СО ИНВАЛИДНОСТ И ДОНИРАА КОЛИЧКА НА КОЛЕШКАТА РОЗА МОЈСОВСКА

Ликовните уметници со телесен инвалидитет од Словенија, членови на Сојузот на параплегичари од Словенија, предводени од Војко Гашперут, на нашата членка, а нивна колешка Роза Мојсовска, за време на одржувањето на ликовната колонија во април минатата



година и ветија поклон – инвалидска количка на електромоторен погон. Истата он нивна страна беше набавена во октомври минатата година, за време на нашата посета и учество на меѓународната конференција во Пацуг, но не можевме да ја донесеме тогаш бидејќи бевме лимитирани со багажен простор. Во меѓувреме се обидувавме да најдеме начин како да ја донесеме количката до Македонија и сите со кои комуницираме не одбиваа заради евентуалните царински формалности. Меѓутоа се најде едно, од господ дадено момче од Куманово, мој пријател и комшија Марјан кој се нафати и за кусо време ја донесе количката во Куманово.

Во јануари годинава, при една работна посета на Струмица, количката и беше врачена на Роза Мојсовска. Нејзината радост беше неизмерна и таа искрено им се заблагодари на колегите од Словенија, но и на Марјан за великодушниот гест да ја донесе количката во Македонија.

Искрените пријателствата се бесценети...

*Б.Јовановски*

# РАБОТИЛНИЦА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ОН ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

Во хотелот „Дрим“ во Струга од 29.1.2014 до 31.1.2014 година се одржа успешна работилница во која основен корпус беа човековите права со осврт на Нацрт-извештајот што Република Македонија го изнесе на истата. Работилницата ја организираа канцеларијата на ОН во Скопје и Министерството за труд и социјална политика во содејство со претставници од министерства, национални инвалидски организации, НКТ, претставници од правобранителството, дефектолози, Параолимписки комитет и други чија дејност е поврзана со оваа проблематика. Модератори на работилницата беа Силва Пешиќ од канцеларијата на ОН во Република Македонија и Слободанка Лазова-Здравковска од Министерството за труд и социјална политика.



Се покажа голем степен на активност од сите присутни. Со свои сугестии и предлози особено се истакнуваа Бранимир Јовановски од Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија и Владо Крстевски од Републички центар за поддршка на лицата со интелектуална попреченост „Порака“. Иницијалниот извештај беше разгледуван од четири водечки прашања: 1) Движење со примена на социјален пристап на човековите права; 2) Дали попреченоста е вклучена во сите политики, мерки и програми; 3) Дали лицата со попреченост се вклучени во донесување и спроведување на одлуки што се однесуваат на нив, како и во спроведувањето на Конвенцијата; 4) Има ли доволно податоци и статистики за следење на напредокот.

По повеќечасовна плодотворна работа, во завршницата на работилницата, групата имаше директен контакт со секретарот на Комитетот на ОН за имплементација на Конвенцијата, Хорхе Араја, кој повеќе од половина



час одговараше на прашањата поставени од присутните. Овој линк од Струга до Њујорк беше плодотворен и даде насоки кон идните активности. Основен пристап на Араја беше подигање на сите капацитети при имплементацијата на Конвенцијата, како и што понезависен мониторинг на процесот кој и директно ќе биде надгледуван од Секретаријатот на ОН за имплементација на Конвенцијата. Тој исто така изрази задоволство од подготвеноста на сите фактори – државни и други кон што поправилен пристап. Работилницата заврши со групно фотографирање на учесниците и со договор за повторна средба.




*д-р Нико Јанков*

# РАБОТНА СРЕДБА СО ПРЕМИЕРОТ НИКОЛА ГРУЕВСКИ

На 03.01.2014 година во кабинетот на Премиерот на Владата на РМ беше одржана работна средба со Премиерот Никола Груевски и претседателите на националните инвалидски организации на лица со телесен инвалидитет, слепи лица, глуви лица и интелектуално попречени лица. На средбата беше присутен министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, по чија иницијатива всушност и се одржа средбата.

Повеќе од еден час дискутиравме за правата и положбата на лицата со инвалидност во РМ, но и за проблемите и тешкотиите со финансирањето на националните инвалидски организации во кои спаѓа и Мобилност Македонија.

Во своето излагање пред премиерот Груевски ги афирмирав придобивките кои во меѓувреме ги реализиравме благодарение на потполното разбирање на министерот Диме Спасов, пред се:





1. Воспоставувањето на правото на додаток за мобилност и за лицата со најтешка телесна инвалидност, квадриплегијата кое ќе започне со остварување од 08.01.2014 година, односно со стапувањето на законот во сила.

2. Бришењето на ставот 4 од членот 84-а од Законот за социјална заштита со кое се врати правото на додаток за мобилност за лицата со телесна инвалидност сместени во јавните установи.

3. Активноста околу изградба на инклузивни детски игралишта од кои првото во Градски парк во Скопје чија изградба се наоѓа веќе во одминатата фаза и очекуваме во месец март да има свечено отварање, како и на уште 3-4 такви игралишта во други градови од државата.

4. Партнерскиот однос кој го изградивме со макотрпна работа и конструктивни предлози и активности со министерот Диме Спасов и Министерството за труд и социјална политика.

Она што побарав од премиерот Груевски и од министерт Спасов во најблиска иднина бешее:

1. Донесување на законска одредба за право на набавка на моторно возило со работна зафатнина од 2.0 литри (бензински или дизел мотори) за лица со најмалку 80% оштетување на долните екстремитети или карлицата со враќање на данок на додадена вредност, акцизи и царина до 2.500 евра, по урнек на стариот закон кој престана да важи 1999 година.

2. Целосно почитување на Законот за градење и Правилникот за пристапност до и во објектите, рушење на архитектонските бариери и овозможување на пристапно општество за лицата со најтешка телесна инвалидност.

3. Проект за набавка на компјутери за нашите материјално најзагрозени членови на кои истиот им е прозорец кон светот, но заради ниските примања не можат да си го приуштат...(лица кои примаат постојана парична помош или социјална помош)...

4. Зголемување на масата на средства за непречено функционирање на Мобилност Македонија и 17 здружени членки.

Премиерот Груевски не сослуша внимателно и вети дека ќе биде направена листа на приоритети и определена динамика на решавање на нашите барања. Премиерот истакна дека во овој момент нема увид колкави фискални зафаќања се нашите барања, меѓутоа вети дека во најкус временски рок ќе се заложи истите да бидат реализирани со динамика која е прифатлива, а доколку некои од барањата не можат да се реализираат во среднорочен план (од околу 5 години) ќе бидеме известени за истото.

*Б.Јовановски*

# МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА – ПРЕПОРАКИ КОН ПРВИОТ ИНИЦИЈАЛЕН ИЗВЕШТАЈ НА РМ

Работна група на „Мобилност Македонија“ на 25.1.2014 и 26.1.2014 година во Бања Банско, по подготовките го разгледа Нацрт-извештајот што го поднесе Министерството за труд и социјална политика при Владата на Република Македонија, а во врска со обврската по изминатите две години откако се ратификува Конвенцијата и стана составен дел од нашиот правосуден систем. Сите инвалидски организации, сојузите и Националното координативно тело имаат задача да го разгледаат и да дадат сугестии и размислувања. Поради тоа, после подготовки по дадени задачи, работната група во состав претседателот на Сојузот Бранимир Јовановски и прим. д-р Нико Јанков како членови на НКТ,



Митко Фидановски, Персида Пренџова и Елица Трпкова како правници и експерти за правата на лицата со инвалидност и генералниот секретар на Сојузот, Софка Прчева, разгледаа член по член од Конвенцијата во извештајот на Министерството за труд и социјална политика и додадоа свои сугестии и размислувања за текот и идните збиднувања во врска со имплементацијата на Конвенцијата.



Разгледувајќи ја глобалната рамка во наративниот дел, работната група доби впечаток дека перцепцијата оди во позитивна насока. Нашите забелешки и сугестии се комплементарни и појаснуваат состојби и процеси кои на разни начини ги засегаат лицата со инвалидност (во случајот лицата со телесен инвалидитет) и измени и дополненија на законската регулатива која ќе ја олесни самата имплементација (вклучувајќи ги и придружните подзаконски акти кои мораат да бидат оперативни во



разумен рок). Сите овие размислувања работната група прецизно и детално ги разработи, консензуално ги резимира и финализира во финален предлог кој беше испратен во Министерството за труд и социјална политика. Со вакви експедитивни акции „Мобилност Македонија“, Управниот одбор и претседателот Бранимир Јовановски добиваат позитивни поени во комуникацијата со институциите на системот, а се во остварување на нашите цели (програмски и статутарни). Ваквите добри практики треба да продолжат за подготвено пречекување на сите идни предизвици и нивното навремено решавање.

д-р *Нико Јанков*

# НОВОСТИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

## Формиран фонд за поддршка на инвалидни лица и лица со социјален ризик

На 26.12.2013 година министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, и претседателот на Стопанска комора на Македонија, Бранко Азески, потпишаа меморандум за соработка, со кој се уредуваат активностите коишто ќе се преземаат во наредниот период особено на вработување на лицата со инвалидност, подобрување на социјалната интеграција на овие лица и друг вид на поддршка.

За таа цел Министерството за труд и социјална политика ќе отвори посебна сметка за донации од членките на Стопанската комора на Македонија, а средствата ќе се користат за лицата со инвалидност и лицата кои се наоѓаат во социјален ризик.




Со ова, членките на Стопанската комора на Македонија покажуваат интерес за партиципација во овие активности и директна помош, со што ќе ја покажат општествената и социјалната одговорност.

При потпишувањето на меморандумот за соработка, министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, истакна: „Секој заслужува можност за успех и напредување, а наша обврска како институции и одговорни фактори на ова општество е тоа да го овозможиме. Низ бројни примери се покажа дека бизнис-заедницата може и има голем удел во реализација на поволности и проекти за различни категории на граѓани. Поаѓајќи од оваа определба а согласно со програмските активности за соработка со бизнис-заедницата во изминатиот период, како претставници на Министерството за труд и социјална политика оствaривме средби со работодавците, стопанските комори и асоцијациите на работодавци. На тие средби покрај другите прашања, дискутиравме и за социјалната заштита на работниците, промовирање на соодветна застапеност на одредени групи на работници и други прашања од областа на трудот. Посебно се фокусиравме на обезбедување на соодветни мерки за стручна рехабилитација на инвалидните лица и промовирање на можностите за вработување на истите на слободниот пазар на трудот и со тоа создавање на услови за нивна целосна интеграција во општеството. Со претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, постигнавме согласност за продлабочување на соработката во овој дел и конкретна реализација на активностите за поддршка на лицата со инвалидност и лицата кои се наоѓаат во социјален ризик. Сакам да истакнам благодарност до претседателот на Стопанската комора за интересот и вклучувањето во оваа активност. Преку конкретната поддршка и изразената хуманост, Стопанската комора и Владата на Република Македонија остваруваат заедничка мисија, а тоа е да работат на подобрување на социјалната положба на лицата со инвалидност и останатите категории на граѓани кои се во социјален ризик“.

*С. Прчева*



# ДИСТРИБУИРАНА ПОМОШТА ВО ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА

Во текот на месеците јануари и февруари беше спроведена дистрибуцијата на донацијата во ортопедски помагала од американската хуманитарната организација „Црквата на Исус Христос на светците од подоцнежните дни“. Оваа соработка Мобилност Македонија ја оствари во соработка со Црвениот Крст на град Скопје. Помагалата беа дистрибуирани до канцелариите на членките на Мобилност Македонија.

Се работи за помош која се состои од ортопедски помагала и тоа: 145 собни и теренски инвалидски колички, 58 бастуни, 58 подлактни штаки, 35 подпазувни патерици, 11 одалки, 98 антидекубитални перничиња со гел, 21 антидекубитални перничиња со пена, 50 резервни гуми за инвалидски колилки и 50 резервни гуми за патерици.

Проектот започна во месец април 2012 година и вклучуваше организирање на обуки за поправка на помагалата и обуки за начинот на користење и употреба на истите. Сите учесници по завршување на обуките добија диплома, односно сертификат за успешна завршена обука како проценители. Во текот на месец декември беше извршена процена на 145 лица кои пријавиле потреба од инвалидска количка. За секоја издадена инвалидска количка беше пополнет формулар со прашалник. Формуларот содржеше податоци за проценувачот, број на сертификат, име презиме, адреса и број на телефон. Прашалникот се пополнуваше со податоци за лицето кое ќе ја користи инвалидската количка и содржеше податоци за неговото здравје, за пристапноста во домот, за времето кое го поминува во количката, кое растојание дневно го поминува со количката, проценка за неговата рамнотежа и држење на телото, за видот и големината на инвалидската количка, за вештини во движењето, техники за ослободување од притисок при седење и друго.

Се надеваме дека соработката со хуманитарната организација од Америка, „Црквата на Исус Христос на светците од подоцнежните дни“ ќе продолжи и понатаму преку непосредни контакти со претставниците на оваа организација во нашата држава.

*С.П.*

# НОВОГОДИШНА СРЕДБА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“

Традиционалната новогодишна средба во организација на Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје – Мобилност Скопје и оваа година се одржа на 21.12.2013 година во прекрасниот амбиент на ресторанот „Бисера“ во населбата Аеродром, кој е со најадаптирани услови за лицата со телесен инвалидитет. На новогодишната средба присуствуваа гости од сите општински и меѓуопштински здруженија низ Македонија, како и гости соработници





и пријатели. На нашата забава присуствуваа околу 300 лица.

Прекрасната музика на групата „Би-би-си“, која ги забавуваше гостите, направи одлична атмосфера, со што дури и некои од присутните запеаја.

Атмосферата беше надополнета со културно-уметничка програма на културно-уметничкото друштво, кои беа пријатно изненадување за сите присутни. На оваа манифестација беа присутни и генерални-

от секретар на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија – Македонски параолимписки комитет (ФСРИМ-МПК), Драган Дојчиноски, како и генералниот секретар на „Мобилност Македонија“, Софче Прчева. Меѓу гостите беа и претставници од Центарот за ортотика и протетика „Славеј“, претставници од хуманитарното здружение „Кралицата Есма и Стево Теодосиевски“, претставници од „Медикус“.

По традиција и годинава во рамките на новогодишната средба се прогласи спортист на годината за 2013 година. Признанието НАЈДОБАР СПОРТИСТ и оваа година го добија четворица наши најдобри спортисти, и тоа: Александар Јовановски, Марјан Зафировски, Трајче Стојановски и Ванчо Каранфилов, кои постигнаа најдобри резултати во 2013 година. Признанијата и пригодните подароци ги доделуваше секретарот на здружението. Прекрасната забава и од-









На оваа манифестација на присутните членови им се обрати претседателот на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија, Бранимир Јовановски, како и претседателот на „Мобилност Скопје“, Дејан Ѓорѓиевски, кој во своето обраќање ги поздрави присутните. На средбата присуствуваа и гости од Здружението на заболени од мултипла склероза „Пчински округ“ – Врање каде што беше потпишана Повелба за збратимување.

личното расположение меѓу присутните членови и задоволството беше очигледно, дружењето не изостана, како и искрените желби за подобра и поуспешна 2014 година на сите. Еве дел од одличната атмосфера низ неколку фотографии.

СРЕЌНА НОВА 2014 ГОДИНА!

*Елена Ѓурчиноска*

# ЕДУКАТИВНО ПРЕДАВАЊЕ – СОРАБОТКА НА „МОБИЛНОСТ




На 29 ноември 2013 година во хотелот „Капри“ во Битола беше организирано и успешно изведено едукативно предавање на тема „Церебрална парализа – можности за лекување“ од доц. д-р Зоран Божиновски од отропедската клиника во Скопје. Повод за овој настан беше наближувањето на Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби кој се одбележува на 3 декември, како и Денот на лицата со телесен инвалидитет на Македонија на 4 декември и Денот на „Мобилност Битола“ на 12 декември.



Ова е континуитет на соработката на „Мобилност Битола“ со Центарот за ортотика и протетика „Славеј“ А.Д. – Скопје. Битолското здружение има богато искуство во организирање на вакви настани и подготовка на учесниците со плакат и леток со кој се канализираат и дополнуваат идеите на учесниците во настанот. Ваквите настани вообичаено се медиумски покриени од страна на битолските телевизии Тера и Орбис, кои ја информираат јавноста со подолги репортажи и тоа еден час по завршувањето на настанот или како ударна вест.



Пред почетокот на предавањето имаше воведен говор директорот на „Славеј“ А.Д. – Скопје, Горан Чаловски, како и претседателот на „Мобилност Битола“, прим. д-р Нико Јанков. Чаловски наведе дека компанијата планира повеќе предавања во Битола, а ја промовираше и одлуката декември да биде месец без партиципација. Потоа гостинот од Скопје, доц. д-р Зоран Божиновски одржа прекрасно приспособено предавање за церебралната парализа и сегашниот момент во решавањето на оваа проблематика. Присутниот аудиториум составен од членови на „Мобилност Битола“, од раз-



# БИТОЛА“ И „СЛАВЕЈ“ А.Д. – СКОПЈЕ

гранокот церебрална парализа, нивните родители и повозрасни членови, доктори ортопеди и физијатри, како и физиотерапевти.

Со аудиовизуелната презентација д-р Божиновски успеа да долови процеси во животот на лицата со церебрална парализа и предизвиците кои ги очекуваат. Се разбира дека очекувано беше дискусијата да се развива во насока кон очекуваните цели и заклучоци кои ќе бидат дел од агендата на националната стратегија на лицата со инвалидност изготвена од НКТ при Владата на Република Македонија.







Дискусиите и предлог-мерките се движеа во насока на максимална соработка на корисниците и вршителите на услуги (здравствените работници и центрите за ортотика и протетика) за законски олеснувања, зголемен квалитет и скратување рокови со перманентно запознавање на институциите на државата со проблемите во континуитет со што би се подигал и капацитетот на инвалидските организации. Во оваа пригода, сите присутни беа збогатени со едно искуство кое ќе може да се примени понатаму. Поради истото ја поздравуваме оваа реализирана замисла на „Славеј“, кој



со ангажирање на врвни експерти ќе помогне во остварувањето на целите.

Од стручниот дел е вредно да се спомене дека ортопедите и физијатрите ја поддржаа идејата за воведување на унифицирани протоколи на државно ниво, така што третманот и размената на искуства и постигнати резултати би се подигнале на повисок степен. Претседателот на „Славеј“, Горан Чаловски, претседателот на „Мобилност Битола“, прим. д-р Нико Јанков и гостинот предавач, доц. д-р Зоран Божиновски, во врска со настанот дадоа поединечни изјави за медиумите. За крај ни останува да им се заблагодариме на сите учесници во настанот и успешната реализација, на Центарот за ортотика и протетика „Славеј“ да ја продолжи мисијата во остварувањето на целите кои си ги зацртале, како и на гостинот д-р Божиновски, кој сметаме дека наскоро повторно ќе ни гостува во Битола.

*д-р Нико Јанков*

# ЕДНОДНЕВНО КРЕАТИВНО ДРУЖЕЊЕ СО ЗБРАТИМЕНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ОД ВРАЊЕ, РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Едно од најмоќните оружја со кои се надарени лицата со некаков инвалидитет е секако креативноста. Таа е уникатната алатка за изразување и искажување на тоа лице кое не може добро да оди, но може добро да твори. Затоа нашето здружение се потруди креативната работилница да опстане и да биде катче каде што тие посебности на нашите членови ќе можат слободно да бидат изразени.

Можноста за изразување на креациите овој пат ни ја овозможија членовите од збратименото здружение на телесни инвалиди од Врање, Република Србија (Гордана, Виолета, Ивана, Снежана, Лилјана, Небојша...) каде што бевме поканети на нивниот ден за работилница и бевме нивни гости.









По топлиот пречек и пријатниот разговор за добредојде, во одлично расположение започна работниот час. Имавме исклучителна можност да бидеме подучувани од академски реномирана сликарка, нивната професорка Лилјана која ни покажа една сликарска техника токму прифатлива за нас. Техниката се вика decoupage (на слободен француски превод – цепкање хартија), внимателно одбрана и осмислена од нејзина страна за да биде расположлива, креативна, лесна вежба за нашите прсти, а сепак подеднакво вредна, содржајна, како и сите останати сликарски техники. Материјалот за оваа техника Лилјана го имаше внимателно избрано за нашите потреби во смисла на тоа да не ни штети на нашите сетила за вид, мирис и допир, односно беа еколошки со висок степен на заштита. Техниката и наставата на Лилјана веднаш со задоволство беа прифатени од нашите членови со воздишки и применети во практика. Сите добивме задача да си го направиме своето дело онакво какво ние си го замислуваме и кое нас не импресионира, во што впрочем лежи тајната на сликарската уметност. Кога сè беше на крај сработено, премачкано, блескаво, кај никој од нас не можеше да се скрие задоволството од сработеното.

Од прекрасниот пречек, прекрасниот час, традиционалниот ручек и топлината на пријателството на збратименото здружение, нашите умови и срца беа побогати за уште еден извонреден креативен ден.

*Христина*

# КОНФЕРЕНЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ТАКСО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНО КОНСУЛТАТИВНО ТЕЛО НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Минатата година во Охрид, во хотелот „Метропол", се одржа Национална конференција насловена како „Структурирање на дијалогот помеѓу Владата и граѓанските организации". На оваа конференција како претставник од здруженијата кои ги претставуваат лицата со инвалидност од „Мобилност Битола" беше присутен Митко Фидановски.

Европската Унија своите напори за одржлив и развиен граѓански сектор во регионот, меѓу другото, во изминатите четири години ги канализира и преку проектот „Техничка поддршка за граѓанските организации" – ТАКСО (TACSO). Една од важните компоненти на овој проект е следење и поддршка на односите на граѓанските организации и другите фактори со особен фокус на соработката и дијалогот помеѓу организациите и владите.

За да може да се изнајде најдобриот модел за избор и состав на ова тело кое допрва треба да се формира во нашата држава на оваа конференција беше направена анализа на законските рамки и практиката во три земји од регионот: во Хрватска телото е формирано во 2002 година, во Црна Гора е формирано во 2010 година и во Словенија е формирано во 2011 година.

Телата за дијалог и развој на граѓанскиот сектор во Хрватска, Црна Гора и во Словенија претставуваат логичен потег во процесот на оформување и надградување на институционалната рамка за развиен граѓански дијалог, односно формирани се по воспоставувањето на канцелариите за соработка како основни инструменти на владите во дијалогот со граѓанскиот сектор. Причините за основање на советите се исти, а тоа е создавање простор за развивање на дијалогот и соработката меѓу органите на државната управа и граѓанскиот сектор во функција на поддршка и развој на граѓанскиот сектор и негово вклучување во процесите на креирање на политиките.

Надлежностите на работа на советите во голема мера се поклопуваат. За сите три совети важи дека имаат консултативна улога на владите во трите земји. Овие тела како една од клучните задачи ја имаат улогата да придонесат во креирањето и да го следат спроведувањето на стратегиите за соработка на владите со граѓанскиот сектор и да даваат мислења и препораки. Значајна улога се дава во давањето мислења за законите и другите прописи релевантни за граѓанскиот сектор, но исто така особено внимание преку мерки на следење, насочување и едуцирање на органите на државната управа се посветува на вклучување на засегнатата јавност во консултативните процеси за подготовка на закони.

Трите совети се повеќечлени: Советот во Словенија брои 19 членови, во Црна Гора 25, додека во Хрватска бројот на членови е 29. Тие се составени од ист (сличен) број на претставници од органите на државната управа и од граѓанскиот сектор. Советите во Хрватска и Словенија се претседавани од претставник од граѓанскиот сектор, додека во Црна Гора претседавач е претставник на Владата. Во сите три земји претставниците на органите на државната управа се именуваат директно од владата и соодветните органи, додека претставници на граѓанските организации се избирани од страна на организациите.

Во сите три земји, административно-техничката но и стручна поддршка ја даваат соодветните органи на државната управа за соработка на владите со граѓанскиот сектор. Од искуството во Хрватска, улогата на канцеларијата е истакната како клучна во успехот на функционирање и достигнувањата на Советот.

Подобен за анализа на достигнувањата е Советот во Хрватска поради десетгодишната работа, но исто така одредени заклучоци може да се изведат и од Црна Гора. Улогата на тело кое иницира, активно подготвува и дава препораки и мислења за политики насочени кон развојот на граѓанскиот сектор е најпрепознаена. Исто така, следењето на политиките и давањето насоки за подобрување доминира. Како предизвици се забележани, недостатокот на финансиски ресурси; не секогаш дадената политичка волја од страна на владите за одредени прашања (најчесто истите се одлагаат); не секогаш можност да се следи динамиката на донесените акти и сл.

Развиен граѓански дијалог кој подразбира цврсто воспоставена институционална и законска рамка за соработка на државата со граѓанскиот сектор засилена со добро практикувана меѓусебна доверба и разбирање е цел кон која се стремат сите демократии во развој. Во изминатите десетина години во сите земји од регионот, државите и граѓанскиот сектор придонесуваат кон домашен систем на поддршка, развој и одржливост на

граѓанскиот сектор, а основната алатка во овие процеси е токму граѓанскиот дијалог. Земјите од регионот, вклучително и Македонија, во зависност од сопствениот контекст на различен начин и различен степен ја остваруваат меѓусебната соработка. Имено, соодветните влади како основен механизам имаат воспоставено тела за соработка со приближно сличен мандат на дејствување. Некаде тоа се посебни канцеларии за соработка во составот на владите (Хрватска, Србија), а некаде се составни единици на одреден орган на државната управа (Словенија, Црна Гора, Македонија). Како следен чекор во сите земји се подготвувани стратегиски документи најчесто наречени стратегии за соработка и развој на граѓанскиот сектор. Со цел да се надгради соработката и да се придонесе кон стратегиски дискусии за развој на граѓанскиот сектор во дел од земјите се пристапи кон воспоставување советодавни тела за соработка и развој на граѓанскиот сектор како што се во Хрватска, Црна Гора и Словенија.

Во Република Македонија основот за развивање граѓански дијалог е воспоставен во 2004 година кога е формирано Одделението за соработка на Владата со невладините организации кое се наоѓа во рамките на Генералниот секретаријат на Владата, а во 2007 година усвоена е првата Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор. При следењето на прогресот на спроведување на Стратегијата констатирано е дека отсуствува редовно и системско следење на развојот на граѓанскиот сектор и почести дискусии за потребите и трендовите со кои се соочува граѓанскиот сектор во Македонија и пошироко. Како одговор на оваа констатација во истиот извештај се препорачува воспоставување на советодавно национално мешовито тело со јасно дефиниран опис на надлежности и мандат составено од претставници од Владата и органите на државната управа, од една страна, и претставници од граѓанските организации и експерти, од друга страна, чијашто задача ќе биде континуирана и отворена дебата за потребите од развој на граѓанскиот сектор во Македонија и за утврдување на стратегиските приоритети коишто ќе ги презема Владата во нејзините заложби за развиен и одржлив граѓански сектор (вклучително и одговорности за следење на спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор).

Прво мешовито советодавно тело за развој на граѓанскиот сектор во регионот е воспоставено во Хрватска како одговор на потребата да се создаде легитимна платформа за регуларна интеракција меѓу владата и граѓанскиот сектор во сферата на креирање на јавните политики. Првиот состав на Советот е воспоставен во 2002 година, а во моментов работи Советот во својот четврти мандат. Во 2009 година од страна на Владата е донесена нова Одлука за основање на Совет за развој на граѓанското општество. Согласно со Одлуката, Советот е советодавно тело на Владата на Република Хрватска кое работи на развој на соработката на Владата на Република Хрватска и граѓанските организации на спроведување на Националната стратегијата за создавање овозможувачка околина за развој на граѓанското општество, развојот на филантропијата, социјалниот капитал, партнерските односи и меѓусекторската соработка. Покрај поттикот даден во Стратегијата, законскиот основ за донесување на Одлука за Советот се наоѓа во Законот за Влада на Република Хрватска и во Законот за здруженија.




Во Црна Гора, Одлука за формирање Совет за соработка меѓу Владата на Црна Гора и невладините организации е донесена во 2010 година, а Советот почнува со работа на почетокот на 2011 година.

За разлика од Хрватска и Црна Гора каде што основот за воспоставување на советите за соработка и развој на граѓанскиот сектор се наоѓа во соодветните стратегии, пред сè како механизам за надградување на институционалната рамка и како тело за следење на спроведување на стратегиите, во Словенија основот за ова тело е во Законот за волонтерство. Согласно со член 36

од Законот и Деловникот за работа на Владата, во 2011 година е донесена Одлука за формирање, за составот, организацијата и за функциите на Советот на Владата на Република Словенија за унапредување на развојот на волонтерството и невладините организации, а како тело одговорно за следење на спроведувањето на Стратегијата ќе се воспостави мешовито советодавно тело.

Како што е наведено и погоре сите три совети имаат улога на консултативни (советодавни) тела на владите. Тие немаат право на вето на одлуките на владите, но може да иницираат дискусии важни за граѓанското општество. Нивната главна цел е да ги подобрат правните, финансиските и институционалните услови за одржлив развој на граѓанските организации и да ја зајакнат партиципативната улога на граѓанските организации во процесите на креирање политики.

Специфично нивните надлежности се движат во следните насоки:

– учество во следење и анализа на јавните политики кои се однесуваат и влијаат на развојот на граѓанскиот сектор;

– давање иницијативи и мислење за донесување и подобрување на законската рамка и политиките поврзани со развојот на граѓанскиот сектор;

– следење на спроведувањето на стратегиите за соработка на владите со граѓанските организации и нивниот развој и поттикнување општо соработката и партнерството меѓу органите на државната управа и граѓанските организации и следење на состојбата во граѓанскиот сектор;

– соработка со надлежните органи во планирањето на приоритетите на националните програми за доделување на финансиска поддршка за проектите на граѓанските организации (Хрватска) и разгледување и анализа на периодичните и годишните извештаи на органите на државната управа за дадената финансиска поддршка на организациите (Хрватска и Црна Гора);

– учество во програмирањето и поставување на приоритети за користење на претпристапните програми и фондови на ЕУ (Хрватска);

– поттикнување на соработката на Владата со домашните и странските организации во дефинирањето и остварувањето на меѓународната и меѓусекторската соработка (Црна Гора), и

– разгледување предлози од страна на невладините организации и заземање свое мислење за истите (Словенија).

Бидејќи советите се консултативни тела нивниот состав е мешовит, односно во нив членуваат претставници на граѓанските организации и на органите на државната управа. Бројот на членови на советот се движи од 19 во Словенија, 25 во Црна Гора и 29 членови во Хрватска. Соодносот на претставниците на граѓанските организации и органите на државната управа е избалансиран, а со советите во Хрватска и Словенија претседаваат претставници од граѓанските организации, додека во Црна Гора претседава претставник на орган на државната управа.

Во советите во Хрватска и Црна Гора членовите од редот на граѓанските организации претставуваат различни сектори, додека владините претставници се именувани од различни министерства и други органи на државната управа. Во Словенија, пак, претставниците на граѓанскиот сектор не се избирани според сектори на дејствување, туку општо се бараат најдобрите познавачи на состојбите во граѓанскиот сектор.

До минатата година Советот на Хрватска броеше 27 членови, од кои 15 претставници на граѓанското општество (12 доаѓаат од редот на здруженијата, и тројца членови беа претставници на фондациите, синдикатите и организациите на работодавците) и 12 од редот на органите на државната управа. Со Одлуката за измени на одлуката за основање на Совет за развој на граѓанското општество Советот брои 29 членови, од кои 15 остануваат како претставници на граѓанските организации, додека бројот на претставници на органите на државната управа е зголемен на 14.

Советот на Црна Гора има претседател и 24 члена, од кои 12 се претставници од граѓанските организации, единаесет претставници на министерствата и други органи на државната управа и по својата функција член на Советот е и директорот на Владината канцеларија за соработка со невладините организации.

Словенечкиот совет, како и во Хрватска има еден претставник на граѓанското општество повеќе отколку од владините институции. Имено, девет членови се именувани од министерствата, додека девет членови се избираат од страна на граѓанските организации и еден експерт исто така претставник на граѓанското општество кој е предложен од страна на универзитетите.

Во сите три земји изборот на претставници од граѓанските организации се одвива на различен начин.

Во Хрватска владата ги именува членовите и нивните заменици по предлог на:

1. Здруженијата – за 12-те учесници со Одлуката за основање наведени полиња на активност;
2. Владината канцеларија за здруженија – за

претставниците од синдикатите, здружението на работодавци и фондации, и

3. Министерствата – за претставниците од министерствата и други органи на државната управа.

Членовите се назначуваат на период од три години. Советот има претседател од редот на организациите на граѓанското општество и заменик-претседател избран од редот на органите на државната управа.

Потсекторите за кои можат да се избираат здруженија и други организации на граѓанско општество се: Демократија, владеење на право и развој на образование; Активизам на млади; Организации вклучени во татковински прашања и грижа за ветерани; Култура; Грижа за деца; Грижа за лица со хендикеп; Социјална грижа; Спорт; Техничка култура; Промовирање и заштита на човекови права; Заштита на животната средина и одржлив развој; и Заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на живот.

Овие 12 членови на Советот се избираат преку систем од два чекора: (1) номинирање на членови и (2) гласање за членови.

Постапката на гласање трае 15 дена. Секое регистрирано здружение или мрежа има еден глас за кандидатот и неговиот заменик и може да гласа за полињата на активности во кои тие се активни. Гласањето се врши на стандардизиран образец, кој може да се преземе од интернет-страницата на Владината канцеларија за здруженија, и треба да се испрати по пошта до Владината канцеларија за здруженија.

Во Црна Гора владата ги назначува членовите и нивните заменици по предлог на:

1. Невладини организации – за 12-те учесници со Одуката за основање наведените полиња на активност, и

2. Министерства – за претставниците од министерствата и други органи на државната управа.

Членовите се назначуваат на период од три години. Советот има претседател од редот на органите на државната управа и заменик од редот на невладините организации.

Потсекторите за кои можат да се избираат невладините организации се: Заштита и промоција на човековите права; Владеење на правото; Демократизација и развој на општеството; Заштита на лицата со хендикеп; Активизам на младите и заштита на деца; Родова рамноправност и заштита на правата на жената; Образование и доживотно учење; Заштита на животната средина; Земјоделство и рурален развој; Здравје и социјална заштита; Култура и информирање; Европски и евроатлантски интеграции.

Овие 12 членови на Советот се избираат на следниот начин:

Канцеларијата за соработка со невладините организации е одговорна за водењето на постапката за предлагање на кандидати, која започнува со објавување на




јавен повик во најмалку еден печатен медиум и на интернет-страницата на Владата на Црна Гора.

Секоја регистрирана организација која дејствува најмалку една година има право да предложи еден кандидат, а исто така од една организација може да биде избран само еден кандидат. Рокот за доставување номинации треба да биде најмалку 15 дена.

Номинациите се испраќаат до Канцеларијата за соработка со невладините организации.

За разлика од Хрватска, во Црна Гора постапката е едностепена, односно процесот на избор од страна на самите организации не се применува. Имено, откако кандидатите ќе бидат номинирани, листата со номинираните кандидати за членови на Советот и називи на организациите кои ги номинирале во рок од седум дена се објавува на интернет-страницата на Владата од страна на Канцеларијата за соработка со невладините организации. Во рок од 30 дена од денот на објавување на оваа листа, Канцеларијата е должна да достави предлог-акт за именување на членови на Советот до Владата на Црна Гора. За членови на Советот од редот на невладините

организации, Канцеларијата ги предлага кандидатите за кои се доставени најголем број номинации од соодветното поле на дејствување на дванаесетте подрачја (потсектори). Доколку од некој сектор нема номинирани кандидати, во рок од седум дена се повторува постапката за соодветното подрачје на дејствување.

Во Словенија владата ги назначува членовите и нивните заменици по предлог на:

1. Невладините организации – за девет учесници;

2. Министерства – за девет претставници од министерствата и други органи на државната управа, и

3. Универзитетите – за еден експерт за граѓанско општество.

Членовите се назначуваат на период од четири години. Советот има претседател од редот на организациите на граѓанското општество и заменик-претседател избран од редот на органите на државната управа.

Во Словенија постапката за избор на претставници на граѓанските организации во работни тела и групи во органите на државната управа ја води Центарот за информирање, соработка и развој на невладините организации кој е регистриран како граѓанска организација.

На барање на Министерството за администрација почнува процесот на селекција, кој го води вработен на Центарот овластен од директорот, кој заедно со уште два члена формира изборна комисија. Граѓанските организации можат исто така да именуваат член на комисијата, кој ќе земе учество во разгледување на добиените апликации и подоцна во броењето на гласовите.

Како прв чекор на процесот, Центарот објавува повик за (1) номинирање на кандидати и (2) регистрација на граѓански организации кои ќе гласаат во постапката. Прибирањето на апликации не смее да трае покусо од 15 дена. По истекот на крајниот рок, комисијата изготвува листа на кандидати и регистрирани организации кои ќе гласаат.

По номинирањето на кандидатите, организаторите свикуваат состанок на претставување, на кој кандидатите и организациите кои ги номинирале се среќаваат и се обидуваат да постигнат договор за тоа кој од нив ќе биде избран во телото. Единствено во случаи кога тие не можат да постигнат договор, започнува постапката на гласање, што впрочем и се случило при изборот на претставници на Советот.

Кога има гласање, Комисијата донесува одлука за листата на кандидати и гласачи и ја објавува на интернет-страницата во времетраење од осум дена, по истекот на кој се свикува гласањето. Секој регистриран гласач добива еден глас, кој може да се достави лично, по пошта, факс или електронска пошта. Отворањето на гласачката кутија се врши јавно и сите актери се поканети при отворањето. Избраниот претставник се избира во рок од три дена по завршувањето на гласањето.

Регулативата предвидува одредени права и обврски за избраните претставници. Тие вклучуваат право на исплата на дневници и патни трошоци. Претставниците на граѓанските организации треба да бидат транспарентни во својата работа; да поднесуваат извештаи до организациите; избраните претставници мора да ги земат предвид предлозите и сугестиите на граѓанските организации при спроведувањето на активностите во телата.

Критериумите за избор на кандидатите во телото секоја земја сама си ги изработила меѓутоа тие приближно се слични и не се спорни, па и нашата држава треба да си изгради свои критериуми.

Заклучоци:

1. Создавање простор за дијалог за клучните прашања за развој на граѓанскиот сектор се причината за основање на советите. Причините за основање на советите се исти, а тоа е создавање простор за развивање на дијалогот и соработката меѓу органите на државната управа и граѓанскиот сектор во функција на поддршка и развој на граѓанскиот сектор и негово вклучување во процесите на креирање на политиките.

2. Тела во советодавна/консултативна улога на соодветните влади. Надлежностите на работа на советите во голема мера се поклопуваат. За сите три совети важи дека имаат консултативна/советодавна улога на владите во трите земји.

3. Тела со мешовит состав на паритетна основа, со можност за избор на претставници на граѓанскиот сектор од страна на самите организации.

На овој начин сакав да го запознаам членството со процесот за формирање на ова консултативно тело кое допрва теба да се формира во Република Македонија, а искуствата од другите држави во нашето опкружување мислам дека ќе бидат драгоцени. На нас е во иднина при формирањето на ова советодавно и консултативно тело да се избориме за претставник кој ќе ги застапува нашите интереси.

*Митко Фидановски*

# ИНФОРМАТИВНО ПРЕДАВАЊЕ ЗА ХИПОТЕРАПИЈА ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“

На 24.2.2014 година во просториите на ДХО „Даре Џамбаз“, сала број 1, со почеток во 19.00 часот, „Мобилност Скопје“ во соработка со Хиподром Скопје организираше информативно предавање за хипотерапија, терапија со помош на јавање на коњи, нејзиното значење, целта која се постигнува во рехабилитацијата на лицата со телесен инвалидитет. Предавањето го одржа Наташа Гоцирова која е единствен лиценциран водич и инструктор на програмата за хипорехабилитација со диплома во Македонија. Предавачот истакна неколку важни информации за хипорехабилитацијата во целина и тоа:

Хипорехабилитацијата пред сè е пријатно искуство со кое се постигнува позитивно влијание врз физичката и психосоцијалната функција кај корисниците. Дружењето со овие благородни животни, на сите лица им дава слобода и ориентација во просторот, природна комуникација, хармонија, се подобрува циркулацијата и рамнотежата на корисникот. Се појавуваат нови чувства, емоциите растат на повисоко ниво, се добива сигурност, одговорност, дисциплина и социјализација. Се постигнува прекрасно чувство на хармонија меѓу јавачот и коњот.

3Д – Тродимензионалното движење на коњот го заменува природното движење (одот) на човекот. Кога корисникот е на коњ има чувство дека оди по земја и сам ги движи колковите. Коњот ја пренесува својата топлина на корисникот и тоа доведува до побрзо опуштање на мускулатурата. На тој начин се намалува спазам, стрес, страв, нерви итн....





Не само што е фокусирана на намалување и отстранување на некои болести, туку кај корисниците развива и:

– потенцијал, самодоверба, чувство на социјализација и координација, чувство за радост, тага, лутина, љубов, меѓучовечки односи, комуникација итн.;

– релаксација на мускулниот тонус кој влијае директно на централниот прекин кај патолошки корисници;

– со постојано повторување на одредени вежби (правилен став);

– физикални ефекти (развивање на рамнотежа и симетрија) на телото, и

– ангажирање на најдлабоките мускули, кои не можат да се добијат со вообичаена физикална терапија.

Индикации за хипотерапија се:

– церебрална парализа;

– мултипла склероза;

– мозочни повреди од разни причини;

– ревматоиден артритис;

– спина бифида;

– мускулна дистрофија,и

– ампутација.

Контраиндикации за хипотерапија се:

– искривен рбетен столб повеќе од 30%;

– нестабилност на рбетниот столб;

– артроза и луксација на колкови;

– тешка форма на остеопороза;

– патолошки скршеници на коски, и

– хемофилија.

Целта е исклучиво тераписка и тоа физиотераписка: подобрување на мускулниот тонус, подобрување на рамнотежа, зголемување на движења, зголемена снага на мускулите и издржливост, одржување на функцијата на мускулите. Физиотерапевтот заедно со тренерот по спортско и рекреативно јавање, ги изведува стандардните вежби но со помош на тренерот приспособени за коњ. Секој корисник пред започнување со терапија, мора да има наод од доктор невролог или доктор физијатар не постар од шест месеци.

На состанокот беа присутни четириесетина членови на „Мобилност Скопје“ кои по исцрпното предавање поставуваа прашања.

*Елена Ѓурчиноска*

# „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА РАБОТИЛНИЦА НА УСАИД

На 19 ноември 2013 година, во хотелот „Капри“ во Битола, во организација на УСАИД се одржа работилница за стратегиско планирање на Локалниот економско-социјален совет на Битола (ЛЕСС), а се расправаше за финализирање на сработеното на првата работилница и план за 2014 година. На работилницата како член на ЛЕСС присуствуваше прим. д-р Нико Јанков.



Во рамките на агендата беа разработка на визијата, мисијата и вредностите со анализа на SWOT-програмата, финализирање на стратегиските цели и планот за активности. Во работата со групи беше разработена активноста со еднаквост, тимска работа, одлучност и визионерство во остварувањето на целите и програмата. Посебен дел од програмата опфаќаат т.н. ранливи групи во кои спаѓаат и лицата со инвалидност. Во богатата дискусија и соработката во која успешно се вклопи водителката Габриела Митева, уште еднаш се покажа позитивноста од овие работилници.

Во финализирањето на програмата за 2014 година беше извршена анализа на засегнатите страни и тоа се подели на групи од интерес, специфичен интерес, капацитет и мотивација, релации до другите групи и влијание врз проектот. Нашата група – лицата со инвалидност имаат специфичен интерес за вработување и помош, послаб капацитет и мотивација, слабо координирање со други групи и мало влијание врз планираниот проект, повеќе како корисници отколку како партнери.

Овие параметри ќе бидат водилка за нашите членови во ЛЕСС, Нико и Фанче, со тимска работа каде што се преферираат почит и професионална соработка; одлучност – со брзо и ефикасно навремено донесување одлуки и визионерство – креативна, конкурентна дејност ќе се остваруваат целите. Ваквите можности ќе се користат и понатаму за општо подигнување на условите за живот и подобро утре. Активностите следат.

д-р *Нико Јанков*

# РАЗМИСЛУВАЊЕ ЗА ИДНИОТ МОДЕЛ ЗА ПРОЦЕНА – КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА КАНЦЕЛАРИЈАТА НА УНИЦЕФ

На 23.12.2014 година во организација на канцеларијата на УНИЦЕФ и Министерството за труд и социјална политика беше одржана успешна работилница за нацрт-моделот при процената за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на дете. На работилницата присуствуваа повеќе експерти и актив-




ни членови на категоризационите комисии од Битола и Скопје, како и претставници од Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика, Здружението на дефектолозите на Македонија и други фактори во овој процес. Беа презентирани искуствата од работата на стручните тела за процена кои функционираат во земјите на ЕУ. Наспроти тоа стои долгогодишно искуство и резултати повеќе од 40 години кои се практикуваат во нашата држава со успех во таканаречениот медицински модел. Се бараат патишта и начини на имплементација на сите позитивни искуства преточени во нашите услови кои навистина се обременети со постоечката состојба. Се бараа начини многу внимателно да се имплементира искуство од ЕУ во наши услови без да се уништува комплетна-

та инфраструктура која дава и може и во иднина да дава резултати кои сега со функционалната процена ќе се адаптира, односно максимално институционално приспособи на нашите услови во процес што безболно постепено трансформирање.

Овие и вакви размислувања беа појдовна точка на која претставниците од министерствата во соработка со канцеларијата на УНИЦЕФ ќе треба постепено да се изработи и во разумен рок предложи како законско решение. Инаку, во разработката на идеите и начините кој пат да се фати и кој е најодговорен, нашите размислувања се дека сите се одговорни и секој ќе го сработи својот дел од процената квалитетно, професионално и најодговорно, во вистинско време и место се даде вистинска шанса, односно поддршка, толку потребна на лицата со инвалидност, односно со посебни потреби или како милувате тоа да го наречеме





со термините кои се практикуваат во меѓународната заедница, а кои ние ќе ги адаптираме постепено влегувајќи во членството на ЕУ. Во секој случај размената на размислувањата е многу позитивен чекор, особено усогласувањето со размислувањата од инвалидските здруженија и сојузи кои можат да помогнат во обликувањето на финалните документи. Поттикнати од овие настани малку ги проверивме нашите сознанија кои се таложеле во изминатите години. Така во 2005 година во организација на УСАИД со разгранок од Италија беше изведена многу успешна работилница која траеше дури три дена. Генерално се пренесуваше искуство од десет години, од 1992 до 2002 година во Италија при категоризација на лица со инвалидност со модел медицинско правен со релативна деинституционализација и практикување на нов пристап. На истата тие пренесоа искуства за триесетгодишно постепено деинституционализирање и практикување на нов модел при што воопшто не се заборави стариот. Нивното настојување да им запишуваме сè, како работиме и што постигнуваме дејствуваше збунувачки кога сите очекуваме чисти резултати. Поучени од овој настан треба да изведеме правилни заклучоци за чување на традиции и успешни приказни и постепено имплементирање на модели кои ако се покажат како лоши експерименталниот полигон ќе бидеме ние. Ова е до толку важно што во раното откривање и евидентирање на лицата со инвалидност ќе се вклучат и сите здруженија, односно Националниот совет на инвалидски организации и Националното координативно тело (НКТ) како најрелевантни фактори кои со националната стратегија ќе придонесат кон практични и соодветни решенија кои нема утре да бидат морничаво сеќавање за кое ќе нема решение. Поради истото сметаме дека нашите размислувања кои ќе им ги укажеме на институциите на системот се многу важни, да не речам судбоносни за спроведување на правилни чекори при решавањето на оваа проблематика. И да не одолговлекувам, ако на западните демократии им беа потребни повеќе од триесет години многу внимателно да го практикуваат таканаречениот нов модел, зошто од петни жили се трудат ние да го имплементираме брзо, освен ако не сакаат да видат колку тој ќе биде штетен. Или по „нашки“ – нов бунар копај, стариот не го затрупувај. Само на овој начин и со аргументирано изнесување на факти и водејќи сметка за нашата реалност која и не е толку црна колку што некој сака да ја прикаже. Има сили и можности, кадри и разумни политичари кои нема да не стават во еден проект кој ќе заврши за година-две, туку процес во кој државата и сите други фактори заедно со нас – инвалидските организации ќе работи на подобро утре.

*д-р Нико Јанков*

# ТЕАТАРОТ ОД ВТОРИОТ КАТ И КУКЛИТЕ НА ДЕДО МРАЗ

Новогодишната претстава за најмладите членови на „Мобилност Скопје“ беше организирана на 25.12.2013 година во ДХО „Даре Џамбаз“, во сала број 1. На почетокот на сите присутни им беа поделени прашалници за информираноста на членовите за потребата од хипотерапија во рехабилитацијата на лицата со телесен инвалидитет.







Театарот од вториот кат ни овозможи претстава за децата, која беше со наслов „Куклите на Дедо Мраз“. Претставата беше интерактивна и децата со радост и внимание ја следеа. На крајот на прекрасната претстава Дедо Мраз на секое детенце му подари по пет новогодишни пакетчиња. Децата беа исполнети и со насмевка на нивните лица. Со донации на новогодишни пакетчиња бевме помогнати од Центарот за ортотика и протетика „Славеј“, „Виталија Никола“ ДОО, „Вивакс“ ДОО, „Донија“ ДОО – Прилеп, хуманитарно здружение „Адра“, и гимназијата „Јосип Броз Тито“ – германска паралелка. „Мобилност Скопје“ им додели благодарници за успешна соработка. Голема благодарност изразуваме до волонтерите на Црвен крст од општина Центар кои несебично помогнаа. Децата со задоволство и насмевки си заминаа дома да ги сместат убавите и богати пакетчиња под своите новогодишни елки.

*Елена Ѓурчиноска*

# ОДБЕЛЕЖАН МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ – 3 ДЕКЕМВРИ

Со разни свечености се одбележа Меѓународниот ден на лицата со инвалидност – 3 декември. „Мобилност Битола“ заедно со другите инвалидски здруженија активно се вклучи во прославата на овој ден. Во просториите на социјално-хуманитарните организации се одржаа пригодни спортски натпревари и забавна програма, а сето тоа беше проследено од медиумите кои ја пренесоа оваа информација заедно со изјавите дадени од претставници на здружението. Потоа, во рамките на манифестациите организирани од Општина Битола предводени од градоначалникот д-р Владимир Талески, се придружија поголем број членови од „Мобилност Битола“ при што сите активности беа искористени за медиумско претставување. Градоначалникот ја поздрави нашата активност и искажа поддршка за понатамошна соработка.



Во попладневните часови претседателот прим. д-р Нико Јанков и секретарот Митко Фидановски во својство на член на НКТ и претседател на СХО Битола, имаа едночасовно телевизиско обраќање во емисијата „Пелагонија на дланка“, која беше пренесувана директно на телевизија Орбис. Тема на разговор беа правата на лицата со инвалидност, како и имплементацијата на Конвенцијата на ОН. Доктор Јанков истана дека во својата национална стратегија до 2018 година, НКТ има зацртано реални правци за развојот на остварувањето на





правата. Од страна на Фидановски беа доловени повеќе практични примери со што сметаме дека оваа емисија, која успешно ја водеше новинарката Дивна Грданова-Караџовска, го погоди вистинскиот момент.

Куриозитет во оваа емисија беше тоа што целиот разговор беше толкуван од страна на Катерина Шарковска, која овозможи програмата да ја следат и лицата со пречки во слухот. Телевизија Орбис има намера да го зголеми опусот на вакви емисии, а ние ѝ се заблагодаруваме на Шарковска за нејзината соработка.

Во меѓувреме, на 2 декември 2013 година, екипа од „Мобилност Скопје“ учествуваше на изложбата од колонијата во Охрид, а на 4 декември проширена екипа учествуваше и во централната прослава на Денот на лицата со инвалидност на Македонија, која се одржа во ресторанот „Ваго“ во Штип.

д-р *Нико Јанков*

# ДЕДО МРАЗ ГИ ПОСЕТИ И ИЗРАДУВА НАЈМЛАДИТЕ ЧЛЕНОВИ НА „МОБИЛНОСТ СТРУМИЦА“

Новогодишна еуфорија се чувствува на секое ќоше, сите брзаат да купат по некој подарок за да ги израдуваат своите најдраги, да им подарат мало внимание со она што го спакувале со црвени панделки. Најсреќни и највозбудени во овие мигови се кој друг ако не најмалите, најмилите, нашето најголемо богатство, нашите дечиња.



Нашите дечиња – членовите на „Мобилност Струмица“ ги посети Дедо Мраз, кој им донесе полна вреќа подароци со што им посака во Новата 2014 година да бидат поведри, повесели, понасмеани од претходната година и да ги радуваат родителите со постигнатите успеси во училиштето.

Дружбата со Дедо Мраз продолжи во ведра и весела атмосфера, засладена со снежните колачиња со кои беа послужени најмалите, најмилите, нашите дечиња од „Мобилност Струмица“. На крај го испративме Дедо Мраз и му посакавме среќен пат и догодина пак да ни дојде, пак да се дружиме и веселиме.

*Мери Туџарова*

# НОВОГОДИШНА ПРОСЛАВА НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“







Како и изминатите години, за членовите на нашето здружение и оваа година се организираше новогодишна забава, која по консултации и подготовки се одржа на 26 декември 2013 година во просториите на хотелот „Капри“. На забавата беа присутни околу шеесетина членови и гости. Во многу добра атмосфера членовите на „Мобилност Битола“ се забавуваа до доцна во ноќта. Покрај одличната организација во хотелот и добрата храна, ја поздравуваме љубезноста на персоналот во „Капри“, музичките нумери на Ице и Марија, на кои им асистираа нашите членови Сотир, Диме, Томче, Митко и други, со што се збогати и самиот настан.

Треба да се забележи дека како и минатите години, нашите членови од Ресен и Демир Хисар се помасовно доаѓаат на нашите прослави, и покрај тоа што организираат и свои прослави во истурените канцеларии. Како и порано, така и овој пат беа присутни гостите од Прилеп – Стевче и Ѓоре, како и Сашо. За жал, другите поканети на кои им се заблагодаруваме за сета досегашна соработка, не беа во можност да дојдат, но ние ги очекуваме на нашите понатамошни настани.





Сè на сè, еден богат и исклучителен настан со весело дружење, песни и игри, за кои сведочат и бројните фотографии кои ќе кажат повеќе од пишаниот збор.

*д-р Нико Јанков*

# ПРОСЛАВА НА ПРАВОСЛАВНАТА НОВА ГОДИНА ВО РЕСЕН

Членовите на „Мобилност Битола“ од Ресен ја продолжуваат традицијата на дружење во клупските простории. На 13 јануари во пријатна атмосфера, поголема група се забавуваше и дружеше по повод православната Нова година (Василица), а пржените колбаси и мазникот беа дел од традиционалната трпеза. Овој пат паричката се падна кај нашиот член Александар Стојановски, а ние им посакуваме среќна и успешна година.





Оваа прослава е дел од активностите во Ресен кои одат по нагорна линија. Активистите од таму веќе имаат нови идеи кои допрва ќе се реализираат. Им посакуваме и понатаму да ја користат канцеларијата по разни поводи и повеќе пати во месецот.

*д-р Нико Јанков*

# „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ ЈА ОДБЕЛЕЖА ПРАВОСЛАВНАТА НОВА ГОДИНА – ВАСИЛИЦА

Членовите на „Мобилност Битола“ традиционално го одбележаа празникот Василица, односно православната Нова година. Настанот кој вообичаено се закажува неколку дена порано, годинава се одржа на 11 јануари во ресторанот „Бе-Ни Фонтана – Котле“. Околу 30 членови во сопствена режија остварија пријатни моменти на дружење и релаксација. На домаќините кои како и секогаш ги понудија своите услуги и цени на ниво, им





ги честитаме новогодишните и божиќните празници и се надеваме дека и понатаму ќе продолжат по овој пример. Забавата помина во пријатна атмосфера со тивка музика, а задоволните гости имаа можност за дружење и разговори. Договарање и размислување за нови активности.

Минатогодишните добитници Олгица и Бојче му ја „предадоа штафетата“ на старо-новиот добитник Грего Штифтер, со што брачната двојка Грего и Зоре ќе бидат

домаќини следната година. Се размислува за преоден пехар кој ќе оди во трајно владение по третиот пат. Пријатната атмосфера не следеше до доцните часови кога дел од гостите продолжија на друго место, а останатите задоволни и релаксирани се вратија во своите домови.

Овие традиции се еден од столбовите на дружењето и остварувањето на програмските и статутарните цели на „Мобилност Битола“ и Сојузот, се јакнат меѓусеб-





ните односи, се потенцира размена на мислења и идеи за подигање на капацитетот и слично. Да ни е среќна и бериќетна Новата 2014 година и во неа да ги оствариме во најголем дел нашите планови и идеи. „Мобилност Битола“ уште еднаш им ја честита Новата 2014 година на сите членови и нивните семејства со надеж за здравје, среќа и успеси!

*д-р Нико Јанков*

# ОДБЕЛЕЖАН ПРАЗНИКОТ СВЕТИ ВАСИЛИЈ ВЕЛИКИ (СТАРА НОВА ГОДИНА – ВАСИЛИЦА)

Како и секоја година, па така и оваа, членовите на „Мобилност Струмица“ во канцеларијата го одржаа традиционалното кршење лепче со паричка по повод празникот Свети Василиј Велики. Наедно тоа беше и можност членовите да се дружат меѓусебе и да разменат некое мислење или да споделат некое искуство во врска со секојдневните проблеми што ги имаат нашите членови. Оваа година најсреќна беше Ѓурга Серафимова би-



дејки во неа се падна паричката и наедно доби скромен подарок од „Мобилност Струмица“, златен крст. Нека и е среќна и бериќетна 2014 година на Ѓурга Серафимова... да и донесе сѐ што ќе посака, а пред сѐ многу здравје и мир во душата.

Догодина здравје, се гледаме повторно во поголем број...

*Мери Туџарова*

# УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАНИ ТРИ ПРОЕКТИ ОДОБРЕНИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје – Мобилност Скопје, по објавениот јавен повик за проекти во областа на спортот од јавен интерес за Град Скопје за 2013 година, изработи и поднесе девет проекти од коишто три беа одобрени, и тоа: „Шах за телесни инвалиди по повод 13 Ноември", „Натпревар по атлетика за лица со телесен инвалидитет" и „Меѓу-општински натпревар во пинг-понг за лица со телесен инвалидитет".

На 12 ноември се почна со реализација на турнирот во шах на кој беа поканети и присуствуваа по четворица членови од Здружението на цивилни инвалиди од војната, Здружението на слепи и слабовидни, Здружението на глуви и наглуви и најдобро пласираните членови на „Мобилност Скопје" од претквалификацискиот турнир за учество на државното првенство во шах. Членовите на шаховската школа Гамбит Асеко иако беа уредно поканети не присуствуваа на турнирот.

На отворањето на турнирот беше поканет и градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, кој поради тековните обврски не беше во можност да присуствува.

Шаховскиот турнир се играше по швајцарски систем, викенд-правила на ФИДЕ, со темпо на игра 20 минути по играч. Делегат на натпреварите беше Тони Пајдаков, а судија Драган Дојчиновски.

На 13 ноември се одиграа три кола, а на 14 ноември преостанатите три кола, по што беше и затворен турнирот, играчите во фер и коректна атмосфера ги постигнаа следниве резултати( табела 1).

На крајот на турнирот беа прогласени тројцата најдобри натпреварувачи, кои добија пехари и парични награди за освоено прво, второ и трето место на турнирот. Пехарите и наградите им ги врачи претседателот на Здружението на лица со теле-

табела 1

| Реден број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | Бодови | Прогрес | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ДАРКО ПАЛЕВСКИ | **5.0** | **15,0** | Здружение на глуви и наглуви |
| 2. | ЗОРАН КОСТАДИНОВСКИ | **4,5** | **19,0** | Здружение на слепи и слабовидни |
| 3. | ВАНГЕЛ КОЦЕВСКИ | **4,5** | **17,5** | Здружение на ЦИВ |
| 4. | МУСЛИ ПАЈАЗИТИ | 4,5 | 16,5 | |
| 5. | ХАКИЈА МЕКИ | 4,0 | 14,0 | |
| 6. | НАСУФ ИСАКИ | 4,0 | 12,0 | |
| 7. | АДЕМ НЕБИ | 4,0 | 11,0 | |
| 8. | ВАНГЕЛ КОЦЕВ | 3,5 | 12,0 | |
| 9. | ВУКАШИН АВРАМОВСКИ | 3,5 | 11,0 | |
| 10. | МИРОСЛАВ БУЧЕВСКИ | 3,0 | 12,0 | |
| 11. | РИСТО ФОТЕВСКИ | 3,0 | 12,0 | |
| 12. | ВАСЕ СТОЈАНОВСКИ | 3,0 | 10,0 | |
| 13. | НАУМ АБОВ | 2,0 | 7,0 | |
| 14. | АЛЕКСАНДАР ПЕТРУШЕВСКИ | 2,0 | 6,0 | |
| 15. | БОШКО НИКОВ | 1,5 | 6,0 | |
| 16. | ТОМИЦА СТОЈАНОВСКИ | 1,0 | 4,0 | |
| 17. | ЃОРЃИ ТОДОРОВ | 1,0 | 4,0 | |
| 18. | ИВАН ЃОРЃИЕВСКИ | 0,0 | 0,0 | |

табела 2

ТЕШКА КАТЕГОРИЈА

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЃУЛЕ | ДИСК | КОПЈЕ | ПЛАСМАН |
|---|---|---|---|---|
| ИМЕР СЕФЕРИ | 9.07 | 24.18 | 23.96 | 1 |
| МАРЈАН ЗАФИРОВСКИ | 7.26 | 19.27 | 22.10 | 2 |
| БРАНКО МИЛЕНКОВСКИ | 6.85 | 19.03 | 20.93 | 3 |

ЛЕСНА КАТЕГОРИЈА

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЃУЛЕ | ДИСК | КОПЈЕ | ПЛАСМАН |
|---|---|---|---|---|
| ДЕЈАН ЃОРЃИЕВСКИ | 9.37 | 27.53 | 22.77 | 1 |
| АЦО ПЕТРОВСКИ | 8.54 | 23.24 | 20.14 | 2 |
| ВАСКО ТУШЕВСКИ | 7.25 | 23.20 | 19.13 | 3 |

табела 3

ПЛАСМАН:

| ТЕШКА КАТЕГОРИЈА | ЛЕСНА КАТЕГОРИЈА | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| Рубин Ристески | Страшко Коцевски | Олга Ристовска |
| Марјан Зафировски | Момчило Јакимовиќ | Тања Ристеска |
| Васко Стефановски | Дејан Алексовски | |

сен инвалидитет на Скопје – Мобилност Скопје, Дејан Ѓорѓиевски.

Проектот „Натпревар по атлетика за лица со телесен инвалидитет“ беше одобрен и финансиски потпомогнат од Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и Советот на Град Скопје. На 2 ноември 2013 година (сабота) се одржа натпреварот во населбата Железара на зелената површина зад „Ремедика“. На натпреварувањето учествуваа членови на „Мобилност Скопје“ и се натпреваруваа во две категории – лесна и тешка. Судија на натпреварот беше Драган Дојчиноски. На крајот на натпреварот на тројцата првопласирани од двете категории им беа доделени награди и медали за освоено прво, второ и трето место на натпреварот (табела 2).

На 30 ноември „Мобилност Скопје“ го реализираше и третиот проект одобрен и поддржан од Собранието на Град Скопје – „Меѓуопштински натпревар во пинг-понг за лица со телесен инвалидитет“. На него учествуваа членови на „Мобилност Скопје“, „Мобилност Куманово“, „Мобилност Прилеп“ и „Мобилност Битола“ (табела 3).

*Елена Ѓурчиноска*

# „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ – НАЈУСПЕШНА ИНВАЛИДСКА ОРГАНИЗАЦИЈА

По повод Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби – 3 декември на ликовната изложба која беше во организација на „Мобиност Македонија“, а се одржа во Порта Македонија, Фондацијата „Професор д-р Љупчо Ајдински“ ја додели наградата за најуспешна инвалидска организација за 2013 година на Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје – Мобилност Скопје. Ова Здружение доби сертификат и парична награда од 10.000 денари. Наградата ја врачи проф. д-р Љупчо Ајдински, а ја прими Претседателот на Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје – Мобилност Скопје, Дејан Ѓорѓиевски.




*Елена Ѓурчиноска*

## ДОКТОРОТ ВИ ОДГОВАРА

Многу години поминаа и уште многу ќе поминат, но навиките многу тешко или никако не се менуваат и покрај многуте изминати години. Си размислувам повремено со оптимизам, па со песимизам. Овие моиве дали нешто размислуваат или одненадеж бараат по нешто и после потонуваат во неактивност. За среќа има ретки први ластовички, но и тие се многу ретки. Тековно се прават многу измени и дополненија во правилници, акти и други решенија кои ги засегаат нашите членови. Со години раководството на „Мобилност Македонија“ навремено реагира и учествува при донесување но и измени на вакви акти. Некаде со успех, некаде со мака, а некаде никако. Но времето како фактор и примената во практика која бара промени. Во последно време сме сведоци дека промените се случуваат со вртоглава брзина, а вие најзасегнатите не ни сторувате абер за Вашите патешествија по шалтерите и неколку навраќања назад кај докторот на измени и консултации итн. Очекувајќи Ваши забелешки и сугестии добро се начекавме, но како што кажував и порано и сега оптимизмот не нè напушта во очекувањето да се разбудите од сонот макар и насред зима. Последните предизвици кои навидум се како олеснителни го стеснија просторот и де факто ги намалија правата. Сигурно се сетивте дека станува збор за „мој термин“ каде што на жалост сите заглавивме. Правото на избор на доктор се ограничи на термин кој може да биде по еден месец, а реалноста покажува друго. Користењето на трикчиња во системот кој и онака има слабости се покажа дека со жонглирање се е можно. Поради тоа, драги мои, во интерес на сите е вашите размислувања да ги пуштите од себе, а ние сега како и секогаш сме отворени и подготвени да ги слушнеме. За жал, сега има многу работи кои треба да се слушнат и искуства кои не треба да се случуваат, односно тековно отстрануваат од практиката и тоа само со Ваша помош и навремено реагирање на одредени неправилности. За здравствената состојба и начините на подобрување, односно одржување многу е кажано и ништо не е речено. Чекајќи го Годо ќе испиеме не знам колку кафиња ама затоа што сме непоправливи оптимисти чекаме а во меѓувреме и работиме. Ај до „опулување“.

*д-р Нико Јанков*

# КУРС ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“

Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје – Мобилност Скопје, во соработка со приватното училиште за странски јазици „Глобал интернационал“ од Скопје, организира почетен курс по англиски јазик во просториите на ДХО „Даре Џамбаз“ во времетраење од 21.11.2013 до 19.12.2013 година.



Во овој период, на овој курс, нашите членови имаа можност да се запознаат со основите на англискиот јазик, поточно броењето, азбуката, како и основите на говорната интеракција. Овие вештини, членовите можеа полесно да ги совладаат, преку методолошките начини на учење како што се интерактивни игри во кои учествуваа сите членови со цел социјализација, забава и едукација истовремено.

Курсот го посетуваа 15 членови од „Мобилност Скопје“, кои имаа можност да присуствуваат на шест часа настава на курс по англиски јазик, за која по нејзиното завршување се здобија со сертификати.

Поради новогодишните празници курсот беше прекинат, меѓутоа во иднина курсот ќе биде продолжен по моменталната пауза, за што членовите ќе бидат дополнително информирани.

*Елена Ѓурчиноска*

# ХУМАНИТАРЕН КОНЦЕРТ “ЕСМА И ПРИЈАТЕЛИТЕ”

Хуманоста како најголема доблест на една личност, се покажа на дело и овој пат. По повод „3-ти Декември” - меѓународниот ден на лицата со инвалидност, и оваа година се одржа веќе традиционалниот хуманитарен концерт организиран од страна на Фондацијата ЕСМА, поддржан од неколку органицации и Владата на РМ. На концертот земаа учество многу нејзини искрени пријатели од сверата на општествениот, социјалниот и приватниот живот кои несебично ја покажаа, по којзнае кој пат, хуманоста со нивното присуство и извонредниот настап.

Мегу учесниците на концертот на сцената се најдоа децата од повеке училишта за деца со пречки во развојот, домови за згрижување на деца со пречки во развојот и на деца без родители како што се; Ангелчиња-Хол, Иднина, 13-ноември, Пролет, Иднина..., веќе реномирани пејачи од нашата естрада одлично познати во јавноста Елена Велевска, Дарко Димитровски, Влатко Илиевски, КУД “Кочо Рацин” и нормално мајката на хуманоста Есма Реџепова.





За нас најзначајно беше што Мобилност Скопје повторно доби можност да биде дел од овој прекрасен спектакл и да се претставиме во извонредно светло, дека поседуваме талентирани членови во нашето здружение кои знаат секогаш да изненадат со своите настапи, интерпретации, гласовни можности и дека храброста на телесните инвалиди ниту една патерица толку силно не успева да ја потпре, како што тоа може да го стори нивната желба во постигнување на успех. Благодарност до слатката, прекрасната и вечно насмеаната Соња Горгиевска, уникатниот, грациозниот и незаменлив Гоце Миновски, вечниот борец за човекови права шармантната Христина Просковска и толкувачот на знаковниот јазик



за глувонемите, единствената Олга Ристовска.

Во преполната сала исполнета до последно столче, повеќето од нас сватиме дека овој концерт се носи со концертите од ваков карактер во светските метрополи. Тоа беше потврдено од лицата на секој посетител во салата каде можеше да се забележи една симбиоза од




емоции, чувства, реакци со смеење, по некоја солза, силен аплауз и максимално треперење на секоја клетка во телото која носи име - хуманост.

Не смееме да заборавиме да ги споменеме: организаторката на целиот концерт - менаџерката на фондацијата Есма, г-ѓа Зорана која неуморно работеше со нејзиниот тим за да изгледа концертот онака како што изгледаше и да функционира се беспрекорно како што функционираше, потоа телевизијата на Канал 5 со нивната прекрасна водителка Милена кои заедно успеаа да ги доловат сите моменти кои преку видео записот зборуваат за величината на постигнатото и емоционалните воздишки на учесниците.




Вакви манифестации треба што повеке да се случуваат како би можела да се подигне јавната свест за лицата со инвалидност во нашето општество. На истите лицата со инвалидност ќе имаат можност да ги покажат нивните квалитети, успеси, способности, желби и таленти за да не чујат дека можеме, умееме и припагаме на овој свет, дека сме дел од него и дека сме различни, но сепак исти со останатите.

Уште еднаш благодарност до организаторите, спонзорите, учесниците, водителите, телевизијата, публиката и целата македонска јавност за укажаната доверба и вниманието посветено на оваа манифестација. Ние и понатаму продолжуваме да ја негуваме традицијата, да се бориме истата да стане уште поголема и да имаме повеќе талентирани учесници од страна на нашето здружение Мобилност Скопје на следниот концерт.

*Христина Просковска*

## НАГРАДНА ИГРА

Наградното прашање од минатиот број на весникот гласеше:
По повод Светскиот ден на лицата со инвалидност – 3 декември, во мултифункционалниот објект Порта Македонија, на 2 декември ќе биде отворена изложба на слики од IV-та меѓународна ликовна колонија на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија.

Прашањето гласи: Која е по ред изложбата на слики на „Мобилност Македонија" што ќе се одржи на 2.12.2013 година?

Точниот одговор на ова наградно прашање гласи:
На 2.12.2013 година „Мобилност Македонија" ја организираше четвртата изложба на слики.

Наградата – викенд за две лица во хотел „Цар Самуил" во Банско – Струмица со платени трошоци за превоз во висина на автобуска карта, сметаме дека е доволен мотив читателите да се потрудат околу точниот одговор на наградното прашање и во поголем број да учествуваат во наградната игра.
На седницата на Уредувачкиот одбор на весникот „Мобилност", од пристигнати скоро 40-ина пликови, среќниот добитник го извлече членот на Надзорниот одбор на „Мобилност Македонија" – Драгана Стоилковиќ.

Најмногу среќа и точен одговор имаше членот од „Мобилност Скопје": **Драгислав Димиќ**

Донатори на оваа награда се сопствениците на хотелот „Цар Самуил" во Банско – Струмица. Сите информации поврзани со реализацијата на наградата добитникот ќе ги добие од генералниот секретар на „Мобилност Македонија" на телефонскиот број 02/3211-280.

Наградното прашање за овој број на весникот гласи:

**„Мобилност Македонија" во својата Програма за работа планира и реализира повеќе манифестации од спортски, културни и забавни содржини. Оваа година се навршуваат 20 години од организирање на три програмски манифестации на сојузот. Кои манифестации оваа година „Мобилност Македонија" ќе ги организира по 20-ти пат?**

Сметаме дека одговорот на ова прашање не е тежок, но малку ќе Ви помогнеме со тоа што ќе Ви кажеме дека треба само да го читате весникот „Мобилност" и ќе го дознаете одговорот.
Вашите одговори на прашањето испраќајте ги во затворен коверт на адресата на „Мобилност Македонија" (ул. 11 Октомври бр. 42-а – Скопје), со назнака „За наградна игра", најдоцна до 30 април 2014 година.
Право на учество имаат само редовните членови на „Мобилност Македонија". Наградата е непреносива, односно може да ја користи само оној што ја освоил.
Почитувани читатели, Вие кои го знаете одговорот на наградното прашање и кои сте оптимисти, па верувате во својата среќа, земете учество во наградната игра. Со тоа ништо не можете да загубите, а можете да добиете шанса заедно со својот придружник да си поминете еден прекрасен викенд во Бања Банско – Струмица.

*С. Прчева*

# НОВО ВО ЛЕКУВАЊЕТО НА МУЛТИПЛА СКЛЕРОЗА

Гледањето во сонцето лекува

Сангејзинг, или гледање во сонце, е индиска техника стара неколку илјади години, но како вештина во модерниот свет е релативно нова. Во последните неколку години во светот веќе има неколку милиони гледачи во сонце, а од неодамна има сè поголем број следбеници и во Македонија.

Со гледање во сонце и со правилна исхрана може да се помогне лекувањето на мултипла склерозата, сметаат поддржувачите на оваа вештина. Оваа вештина се базира на фактот дека целиот Сончев систем, па и планетата Земја, добива живот од сончевата енергија, а растителната храна е хранлива благодарение на сончевата енергија во неа. Кога ќе почнеме да ја користиме сончевата енергија директно, гледајќи во сонцето, потребата за храна се намалува, а дел од енергијата што се троши за варење на храната ќе се искористи за зачувување на здравјето и на интегритетот на клетката. Така ние стануваме поздрави, посреќни, позитивни и живееме подолго.



Гледањето во сонцето ја зголемува ефикасноста на мозокот, а со овој процес се активираат повеќе негови делови. Со тоа мозокот извршува повеќе функции и ја подобрува состојбата на целиот организам, а телото има сила самото да се лекува и да се обновува – сметаат оние што го применуваат и оние што го промовираат. Оваа хелиотерапија не и пркоси на медицината дека сончевото зрачење може да биде и опасно. Затоа сангејзерите велат дека во сонцето треба да се гледа само во сигурни периоди – во текот на првиот час по изгревањето или во текот на последниот час пред залезот. Во сонцето се гледа без очила околу десет секунди првиот ден. Секој нареден ден времетраењето се зголемува за по десет секунди, се додека не се стигне до 45 минути. Потоа времетраењето на гледањето може да почне да се намалува, од 45 минути наназад. Целиот процес трае од девет до 12 месеци и со него нашето тело постепено се полни со сончева енергија како соларна батерија. По гледањето се затвораат очите некое време, барем на минута-две, за да се стабилизираат.

„Додека гледате во сонцето можете да трепкате, но не зборувајте. Ако имате осетливи очи, во почетокот додека да се привикнете, гледајте низ тенка газа. Треба да стоите со исправен грб, без потпирање на нешто. Рацете да бидат пуштени до телото. Гледањето може да биде и во лежечка положба, но ако тоа се прави во соба, тогаш треба да се гледа низ отворен прозорец. За тоа време најдобро е да бидете боси, но не е задолжително. Важно е да не стоите во трева или на мокро место. За сето време имајте позитивни мисли или кажувајте си некоја молитва. Не морате да гледате ден по ден, но за побрзи и подобри резултати правете го секој ден кога има сонце. Како што напредувате, ќе забележите дека вашето здравје сè повеќе се подобрува, а телото се обновува" – објаснуваат сангејзерите.

Најзаслужен за популаризирањето на сангејзингот е Индиецот Хира Ратан Манек. Тој вели дека гледањето во сонцето или сончевата јога е мајка на сите јоги. Манек ја практикува оваа вештина повеќе од 30 години. Тој тврди дека од 1995 година ништо не јаде и живее само од сончева светлина и од пиење соларна вода, односно вода ставена во стаклено шише и оставена на сонце од неговото изгревање, па сè до залезот. Тој верува дека човек може да се храни и самолекува со енергијата од сонцето.

*С. Прчева*

# НЕ ЛУТИ СЕ ЧОВЕЧЕ

Каде и да си, пред Божик, зад Божик дома да си! Сѐ што можев да „исчепкам“ е дека ова е народна поговорка, со значење дека за време на големиот празник треба да се биде во кругот на семејството и тука да се слушне радосната вест за раѓањето на Спасителот.

Но, како што вели народот, работите не одат секогаш според Божја промисла. Божикните празници донекаде ја изгубија својата духовна димензија и сѐ повеќе добиваат некаква друга патетика. Барем така вели еден митрополит кој нѐ потсетува на библиските писанија, за живеење во духот на возвишеното Христово учење, за мирот, праведноста, чесноста, добрината, простувањето, помагањето, дарувањето, љубовта, на кои како да сме подзабothравиле притиснати од секојдневните обврски. Посебно со палењето на огнови за време на божикните празници, фрлањето на крст во огнот да изгори, фрлањето на крстот во вода за Водици и непослушните „фаќачи“ кои се подготвени на сѐ за да го фатат крстот, ако може и дури е во лет. Па претставувањето на некои светители за патрони на некои карневали. Безмалку карневалите се поистоветуваат со црковната традиција. Па, дали е така, дали е тоа дел од традицијата на МПЦ!? Нели е тоа вулгаризација на религијата, фолклорно сфатено православие и правење на жален циркус. Ги знаат ли верниците вистинските вредности на православието, за тоа како да се однесуваат во верските храмови, и како правилно да се чествува и однесува на верските празници. Колку чинат стотината кубни метри огревно дрво што изгореа? Колку чини кумството, истопорени на бината со чудниот бардак и боемското возење со пајтон, снобизмот и егзибиционизмот? Зошто мегаломанија, зошто непотребна и пренагласена помпезност. Веројатно имало и многубројни спонзорства и дародаватели, кои останаа во сенка на овие настани. Не сакам да верувам дека во црковните канони пишува дека раѓањето на Исус се пречекува со ромска блех-музика, петарди, турбо-фолк пејачки, како хип-хоп забава. Дали треба да робуваме на тие измислени адети? Треба ли кумовите на тие веселби, од скопските маала, да ги натоварат дрвата и храната и да ги однесат во некој скромен и сиромашен дом, кај семејства со болни и хендикепирани лица, кај опожарените Роми од Топаана и други опожарени семејства или други ранливи социјални категории. Да, да, до последен денар требаше да се даде на нив. Да се огледаат на нашата сограѓанка Мајка Тереза која не потроши ниту еден долар од Нобеловата награда, еден милион, лично за неа. Тукуречи и сандали не си купи и сите пари ги даде на сиромашните, болните, бедните. Да се огледаме на нашите сограѓани кои неодамна славеа Курбан-бајрам и католички Божик. Славеа тивко, скромно, достоинствено, без зурли и тапани, без циркус и циркусанти, грејана ракија и чалгии. Славени беа Алах и истиот, нашиот Исус Христос. Главното обележје на нивните прослави и празници беа скромните молитви и наведнатите глави и дарувањето на сиромашните и болните. Еден митрополит на МПЦ јавно проговори за овој начин на „прослава“ на Божик. Не ми се верува дека архијерејот не може да излезе, да тропне со пастирскиот стап и да рече – стоп, доста е! Па да седнат и да ги канонизираат овие и другите спорни обичаи.



На првиот ден на Божик преку телевизиски пренос ја следев раноутринската Света златоуста литургија со која чиноначалствуваше архијерејот на МПЦ-ОА неговото преосвештенство г. г. Стефан. И кога мислев дека црквата „ќе пука“ од народ, Соборниот храм полупразен, едвај над стотина верници. Ама на мое разочарување ги немаше илјадниците весели бадникари, христијани, желни за гратис грејана ракија, фатени на оро во ритамот на познатите фолк-химни. Злобниците ќе речат дека не можеле да се освестат од грејаната ракија! Очекував кај свештенството, со ретки исклучоци, да видам бледи и испостени ликови по четириесетдневниот пост, па ако сакате и по двестете денови на пост во текот на целата година (секоја среда и петок, велигденски, петрови, богородични, божикни постови), а видов заоблени стомаци и пополнети образи, па и „алфи“ фризури. За време на литургијата околу олтарот и високото свештенство се мотаа фоторепортери и камермани, ловејќи ексклузивни фотографии. Повеќе од дамите беа пристојно облечени, како што налага верата при одење во црква, со исклучок на неколку од нив, со плетени зимски капи, како за скијање и при тоа се сетив на еден наш бивш харизматичен парламентарец, кој не е веќе меѓу нас. Ве-

леше: „Бев присутен на божикната литургијата. На жената скромно облечена со изветвено палто и марама на главата и честитав Божик. На другата до неа со скапоцена бунда и крзнена капа на главата, не!“ За да биде сè во знак на Божик пред Соборниот храм мала група, т.е. шака луѓе со развеен петнаесетметарски плакат, бараат да се ослободи некој си од притвор! Црквата треба да прифаќа а не да одвраќа. Црквата не се само владиката и свештениците, туку таа е народот, место каде што верниците се собираат околу својот духовен водач и ја практикуваат својата вера, која ни доаѓа како иљач за скудните времиња низ кои поминуваме. Свештенството почитувајќи ги канонитe и традицијата, со својот личен пример да ни покажат како треба да се живее, заменувајќи го луксузот со умереноста. Да ни го вратат духот и вербата во моменти на падови и да ни го покажат патот во моменти на егзалтација.

Во овие празнични денови, во ТВ-емисии, интернет и пишани медиуми има во изобилство емисии, написи, каде што готвачите и презентерите ни го зголемуваат апетитот за храна. Готвење, разни кујни и гурмански специјалитети, па ни нудат разни толчници и рендиња, тавчиња и тенџериња, газирани пијалаци, па мрсни и зачинети јадења, мазници и баници, селско место, сарми, па благи работи... И така задоволни и „најадени“ се префрламе на друг канал или друг весник, и таму друг презентер, експерт за здрава храна. Ама тука нема рендиња, тавчиња, зачинета и мрсна храна, шеќери, газирани пијалаци... Почнува друга приказна, за штетното влијание на белиот шеќер, белото брашно, заситените масти, готварската сол (во поголеми количини), поврзаноста на употребата на црвените меса и ракот на дебелото црево, конзервансите, емулгаторите, адитивите, како самоубиствени бомби. И наеднаш, во еден момент добиваме мачнотија во стомакот од „јадењето“ во претходната емисија, што сега е посочено како штетно, опасно, лошо за здравјето. Сугестивниот експерт ќе не натера да помислиме дека имаме покачени масти (холестерол и триглицериди) од свинското месо и мрсните јадења што ги „консумиравме“ во претходните емисии, дека благото и еклерите ни го зголемиле шеќерот во крвта, сме добиле зголемен крвен притисок, „затнување“ на крвните садови. Со право нè предупредуваат дека обичните производи со помош на вештачки состојки, бои, конзерванси адитиви и засладувачи нè привлекуваат со изгледот и вкусот, па прекумерната употреба на нив, со состојките во нив, може да му наштетат на здравјето. И дека е потребно внимателно да се читат декларациите, кои често се напишани со многу ситни букви, и да видиме дали внесуваме емулгатори и сл. (Е 951, Е 621, Е 100-181 итн.). И по сè ова остануваме со полн стомак од вкусните јадења и со полна глава од сугестиите на експертите за здрава исхрана, за тоа како и колку сме грешеле и сме го доведувале во опасност нашиот живот, да нè ставаат во дилема, да ни доаѓаат налудничави мисли и идеи. Лути, збунети, фрустрирани не знаеме што е подобро, на кого да веруваме, да им се лутиме и на едните и на другите, како да се однесуваме, како да живееме. Да гладуваме ли, кога веќе скоро сè ни забрануваат да јадеме (!) и да ги слушаме советите на лекарите и нутриционистите кои постојано нè убедуваат за факторите за ризик за човековото здравје, особено за ризикот за настанувањето на кардиоваскуларните заболувања, за здравото и правилно однесување и живеење, правилна исхрана, физичка активност. Еден наш познат кардиолог со право нè советува, да не претеруваме со храната, по малку и да се изгладнуваме, отколку да се прејадуваме. И постот, ако во исхраната се внесуваат неопходните состојки во храната (јаглени хидрати, белковини, масти, минерали, витамини и др.) и не е така лош. Впрочем, тоа е добар начин на детоксикација на организмот.

Од далечната Кина од градот Зонгфанг, од една клиника, се јавија Стојанче од Велес со неговата мајка која е таму како придружник. Тој таму е на лекување поради церебрална парализа со традиционална кинеска медицина, со добротворно насобрани парични средства од нашите граѓани. Многу нè израдуваа со пријатни вести и затоа му посакуваме успешно (из)лекување. По ова јавување, луѓето прашуваат, се интересираат, многу родители бараат начин да контактираат со мајката на Стојанче. Имам впечаток дека пополека, ама и со сесрдна помош на медиумите, преурането се создава една атмосфера дека „таму е лекот“ и дека Стојанче од таму ќе си дојде здрав. Церебралната парализа е комплексна состојба како последица на рано мозочно оштетување поради кое се добиваат пречки во моториката со можност за присуство и на други различни симптоми како ментална ретардација, епилепсија, пречки во говорот, однесувањето, учењето и др. Се знае дострелот на сегашната „западна“ медицина во врска со оваа состојба. Со терапијата не може да се направи детето да оздрави, но може да му помогне да се подобрат неговите способности. Затоа, колку и да не сакаме, лебди во воздухот прашањето, колку е реален и на што се базира оптимизмот на стручниот тим на оваа болница. Колку бизнис и комерцијализација има во сето ова, ако го има, а не треба да го има.

д-р *Славчо Д. Илиев*

# ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР

Трагични настани што го погодиле манастирот

Во своето седумвековно опстојување Лешочкиот манастир го погодиле повеќе погубителни настани. Секако, најтрагични биле веќе споменатите настани од 1690 година, кога биле разурнати и стариот и новиот манастир.



Третата трагедија се однесува на убиството на манастирскиот егумен. Имено, во втората половина на 19-тиот век биле во голем ек српските и бугарските пропаганди врз населението, кое било поделено да се изјаснуваат дел како Срби, а дел како Бугари. За да би преовладеела едната од пропагандите, вршеле силен притисок врз егуменот на Манастирот Езекил, за да го придобијат Манастирот, а тој да влијае врз населението. Меѓутоа, Езекил бил промакедонски ориентиран и поборник за возобнова на Охридската архиепископија и соработник со митрополитот Теодосиј Гологанов. Инаку, Гологанов го посетил Манастирот на 17.12.1890 година и бил гостин на егуменот Езекил. Поради ваквата определба на Езекил, бугарската „партија“ му подготвила негово ликвидирање. Така на 28.07.1898 година, со измама го навеле егуменот на осаменост и тројца егзекутори го убиле со колење. Неговиот гроб со подигнат споменик се наоѓа во манастирскиот двор.

Четвртата трагедија се случила на 28.08.1905 година кога манастирот бил пет дена опколен од долнополошкото албанско население. Повод за опколување на Манастирот било убиството на двајца бостанџии од соседното село Слатина од страна на една комитска чета. Слатинчаните придружени од истородници од околните села го опколиле Манастирот, мислејќи дека комитите се во Манастирот. Меѓутоа, по настанатата меѓусебна престрелка комитите се вратиле назад и се засолниле на планината Жеден што е од спротивната страна на Шар Планина и Манастирот. Напоменуваме дека при оваа престрелка покрај бостанџиите, загинал и еден комита, кого другарите го погребале во селото Туденце, кое се наоѓа покрај реката Вардар во подножјето на планината Жеден.

По повод овој настан испеана е песната „Сардисале, сардисале Лешочкиот манастир“, во неколку верзии, од кои само една е со вистинска содржина која се совпаѓа со настанот.

Последната трагедија се случи во 2001 година кога беше урната манастирската црква.

Сите овие трагедии го потресле христијанското население во Полог и пошироко.

Економски пад на Манастирот и уривање на конаците

Веднаш по Втората светска војна сестринството на Манастирот ги урива двата конаци изградени од Силвестер како дотраени и неупотребливи. Во 1930 година е разурнато и најстарото училиште во Полог изградено од Силвестер. Во 1957 година опожарен е конакот изграден од Еротеј. Покрај ова во 1945 година, извршена е национализација на поголемиот дел од манастирските ниви и имоти во Скопје. Така Манастирот од едно стекнато големо богатство, останал само со еден конак и извесна површина на обработливо земјиште, ливади и лозје, кои површини и денес ги поседува.

Хуманитарната улога на Манастирот

Манастирот меѓу другите работи, се до 1940 година, имал и хуманитарна улога. Манастирот ги прифаќал хендикепираните лица и за нив целосно се грижел. За таа цел еден од манастирските конаци бил наменет за нивно сместување. И не само тоа туку Манастирот се грижел за нивната исхрана и облека. Хендикепираните

лица, според својата работна способност работеле за манастирот: чувале и хранеле добиток, носеле вода, сечеле дрва за затоплување и готвење, со еден збор секој според своите способности и можности.

Јеромонах Кирил Пејчиновиќ, македонски преродбеник, деец и возобновител на Лешочкиот манастир

Јеромонах Кирил Пејчиновиќ е роден во село Теарце 1771 година, во свештеничко семејство. За да ја продолжат семејната свештеничка традиција, таткото Пејчин својот син го однел во Лешочкиот разурнат манастир, каде што имало останато мала куќичка и еден монах, за да се стекне со основните свештенички сознанија.

Од Лешок татко му Кирила го однел во Кичевскиот манастир „Св. Пречиста", а потоа во манастирот „Св. Јован Бигорски", веројатно кај егуменот Јоаким Крчовски. По тоа Кирил доаѓа во Теарце и заедно со татко му Пејчин и чичко му Дојчин одат во Хиландар. Во Хиландар Кирил го продолжил своето образование и се замонашил на свои 28 години и го зел името на сесловенскиот просветител и филозоф Кирил Солунски.

Од Хиландар Кирил се вратил во Теарце, а потоа заминува во Пречиста – Кичевско. Тука го добил свештеничкиот чин јеромонах. По извесен престој тука, Кирил оди во запоставениот Марков манастир „Св. Димитрија", кај Скопје. Го возобновува манастирот и тука го напишал своето прво дело на говорен македонски јазик *Огледало*. Поради своето национално чувство, му бил загрозен животот од грчкиот митрополит Натанаил, па Кирил со две мазги натоварени со книги и икони дошол во Теарце. Сега желбата му била да го возобнови Лешочкиот манастир, во што и успеал. Во Лешок ги напишал делата *Утешение грешним, Житијата на Св. Нифон и Св. Трифун, првата половина на манастирскиот Поменик и епитафот на својата надгробна плоча.* Покрај творештвото извршувал и просветителска дејност.

Јеромонах Кирил починал на 25 март 1845 година. Тој бил погребан со голема почит на присутни од сите долнополошки села, Тетово и сите свештеници од Полог. Гробот му се наоѓал од 25 до 30 метри југозападно од црквата „Св. Богородица". Набрзо по 1900 година неговите мошти биле пренесени на ново почивалиште, до гробот на Езекил. Во 1967 година по втор пат неговите мошти се пренесени на трето почивалиште кое се наоѓа источно од новата црква „Св. Атанасиј".

*Илија Петрушевски*

# Развојниот од на Вера Апостоловска

Добитник на наградата од Фондацијата „Професор д-р Љупчо Ајдински" за најдобар корисник на установите од областа на заштитата, образованието и рехабилитацијата на лицата со посебни потреби во текот на 2012 година е Вера Апостоловска.

Таа е родена на 14.3.2001 година и е ученичка во ОУ „Јохан Хајнрих Песталоци" од Скопје. Таа е дете со попреченост поради спастично-хореоатетозна форма на церебрална парализа.

Од својата трета до шестата година посетувала обука според педагогијата на Монтесори, а од својата петта година па сѐ до ден-денес посетува настава во НВО „Отворете ги прозорците", каде што се описменува со помош на дефектолог, информатичар и со асистивната технологија. Паралелно со тоа го посетувала и Центарот за рехабилитација на слух, говор и глас за подобрување на графомоториката.

Од три и пол години па сѐ до запишувањето во училиште посетувала редовна градинка. Во склоп на градинката посетувала факултативна настава по фискултура. Во тој период три пати неделно го посетувала и Центарот за церебрална парализа, каде што добивала индивидуална поддршка. На шест и пол годишна возраст, по извршено тестирање во Заводот за ментално здравје, се запишува во основното училиште „Јохан Хајнрих Песталоци", каде што и ден-денес учи. Сега е ученичка во седмо одделение. Вера од првиот ден престојува сама во училиштето, без придружно лице и сама успева да се наметне на околината со нејзиниот шарм и нејзината харизма. Со личен пример ја подига свеста на наставниците и децата за големиот потенцијал што лежи во децата со посебни потреби. Во четврто одделение држела PowerPoint-презентација на тема „Мојот живот, моите соништа" пред две одделенија, училишниот педагог, психолог и пред наставници.

Учествувала на конкурс „Компјутерот – мојот прозорец кон светот", за што добила награда за освоено четврто место. Таа напишала: „Јас сум девојче на возраст од десет/10 години и ученичка во петто одделение. Имам моторички пречки што ми го отежнуваат пишувањето со рака. За среќа, живееме во 21 (дваесет и први) век, ера на компјутерите. Тие не само што претставуваат мој прозорец кон светот туку и порта кон многу нешта. Со компјутерот почнав да се дружам уште од предучилишната возраст, во Здружението ,Отворете ги прозорците. Таму има асистивна технологија. Таа ми

помага да имам еднаков пристап кон компјутерот, така што се чувствувам рамноправна со моите другарчиња. За мене компјутерот претставува една волшебна кутија што ми исполнува многу желби: да играм игри, да научам да пишувам, да учам англиски, да пребарувам на интернет, да гледам слики и да слушам музика. Значи, да го правам сето она што го прават моите врсници. Сега сум среќна што домашните ги пишувам на компјутер".

Учествувала на конкурс за ликовна компјутерска творба на тема „Во светот на различностите, стоп за бариерите". За оваа творба добила Благодарница од училиштето. Во Швајцарија ја претставувала Република Македонија на завршната приредба на манифестацијата организирана од „Свискор" со пеење на песната „Девојче, девојче, црвено јаболче". На 6-годишна возраст добила диплома на ликовниот конкурс „Со љубов светот го освојуваме" од Сојузот за грижи и воспитување на децата на Македонија.




Учествувала на тркалезна маса во просториите на Општина Карпош на тема „Инклузивно образование", со презентација на сопствена творба. Како презентер на асистивната технологија, честопати учествувала на разни презентации со цел подигање на свеста на граѓаните. Со истата цел учествувала и на минатогодишната манифестација „МАА" на плоштад Македонија. Оваа година е добитник на Благодарница од ОУ „Јохан Хајнрих Песталоци" за нејзиниот придонес за инклузивното образование.

Вонучилишни активности:

– тераписко пливање;
– тераписко јавање;
– игроорна група (со која настапува на приредби со другите дечиња), и
– школа за танц „Ритам плус" (со која настапува на приредби со другите деца).

Благодарение на раната интервенција, Вера денес со 12 години е прилично оспособена за изведување самостојни активности. Таа во текот на својот развој научи да оди, да вози трицикл, да танцува (англиски валцер), некои лесни ора од македонскиот фолклор, да јава коњ дури и во кас, да плива без помагала, описменета е и пишува на компјутер, елоквентна е, односно знае убаво да се изразува. За многу вештини и способности кои ги стекна моравме макотрпно да работиме и со многу упорност да се избориме.

Кај децата со пречки во развојот, па и кај Вера има голем потенцијал, но, за жал, во општеството владеат предрасуди и не им се дава можност да го развијат истиот и да ги покажат сите свои квалитети. На пример, по четири години редовно пливање со родител, таа научи да плива без помагала, а по една година убедување, конечно е примена во редовна група за пливање со другите деца. Вообичаено, сите инструктори и по пливање и по јавање, танцување, фолклор и др. се плашат и не ги примаат децата во група или избегнуваат работа и се крути, не сакаат да применат пофлексибилен пристап, туку најлесно им е да ја туркаат вообичаената шема.

Децата со пречки во развојот мораат да вложат двојно поголем напор и ангажман за докажување на своите способности. Но, како што вели Вера „УПОРНИТЕ УСПЕВААТ".

Преземено од Специјална едукација и рехабилитација-

Гласило на Сојуз на дефектолози на Македонија

*Елена Ѓурчиноска*

# ОБЈАВЕНИ КРИТЕРИУМИ ЗА КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ПАРАОЛИМПИСКИ ИГРИ ВО РИО 2016

Меѓународниот параолимписки комитет (ИПЦ) ги објави Критериумите за учество на Параолимписките игри во Рио 2016 година. На Параолимписките игри ќе учествуваат вкупно 4.350 спортисти (рекорден број) од кои 2.659 мажи и 1.691 жени. Спортистите ќе се натпреваруваат во 22 спортови, а ќе бидат поделени медали во вкупно 528 дисциплини.

СТРЕЛАШТВО

Во спортот во кој Република Македонија бележи континуирани добри резултати од 1992 година, остануваат 12 дисциплини, меѓутоа после бројни преписки со IPC-Shooting, за прв пат после 20 години зголемен е бројот на учесници од 140 колку беа во Лондон, на 150 колку ќе настапат во Рио. Од нив, 100 се мажи и 50 жени. Исто така, за разлика од претходните игри, сега сите места ќе бидат распределени по пат на освоени дирктни квоти. Директни квоти за своите држави ќе освојат 144 стрелци (96 мажи и 48 жени). Бипартитната комисија ќе додели 6 места (4 мажи и 2 жени). Овие 6 квоти се поименични, односно на спортистите на кои ќе им бидат доделени, додека со 144-те квоти располагаат Националните параолимписки комитети на спортистите кои ги освоиле.

На Светското првенство во стрелаштво во Сул ќе бидат поделени 63 квоти, а 2015 година ќе се организираат дополнителни три Светски квалификациски купови, од кои по еден во Европа, Америка и Австралија на кои ќе се доделат по 27 квоти. Македонските спортисти (барем засега) имаат успех во пиштолски дисциплини. На програмата се 4 дисциплини (по една машка и женска и 2 микс) и квотите ќе се поделат на следниот начин:

-Светско првенство-П1 (6 мажи), П2 (3 жени), П3 (4 мажи и 2 жени), П4 (4 мажи и 2 жени)

-Светски купови (3)-П1 (2 мажи), П2 (1 жена), П3 (2 мажи и 1 жена), П4 (2 мажи и 1 жена)

Минимум квалификациски скор (MQS) по одделни дисциплини е зголемен (освен во дисциплината жени воздушен пиштол каде што е намален, ако не е печатна грешка, оти и онака беше низок) и може да се видат од сликата која е прикачена. MQS сам по себе не значи ништо во квалификациите за учество на Параолимписките игри, меѓутоа е предуслов доколку спортистот освои квота, да може да учествува и во други дисциплини поред она за која е освоена директната квота.

АТЛЕТИКА

На Параолимписките игри во Рио 2016 во атлетика ќе настапат вкупно 1.100 спортисти (660 мажи и 440 жени) во 177 спортски дисциплини. Најдобрите 2 спортисти по дисциплини од Светското првенство во 2015 година ќе освојат директни квоти (184 мажи и 158 жени). Потоа по 9 мажи и жени маратонци од Светските купови во 2016 година, по 24 мажи и жени за штафетните трки.

Direct Allocation slots qualify for entry in the medal event at the Rio 2016 Paralympic Games in which they were originally obtained. Athletes may enter additional medal events at the Rio 2016 Paralympic Games, if they have achieved a Minimum Qualification Score (MQS) in the respective medal events in at least one (1) IPC Recognised Competition.

The distribution of direct allocation slots is detailed in the following table:

| Discipine | R1 | R2 | R3 | | R4 | | R5 | | R6 | | R7 | R8 | P1 | P2 | P3 | | P4 | | Total MALE slots | Total FEMALE slots | TOTAL Slots |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Event / Gender | Male | Female | Male | Female | Male | Female | Male | Female | Male | Female | Male | Female | Male | Female | Male | Female | Male | Female | | | |
| 2014 IPC Shooting World Championships | 4 | 2 | 4 | 2 | 6 | 3 | 6 | 3 | 4 | 2 | 4 | 2 | 6 | 3 | 4 | 2 | 4 | 2 | 42 | 21 | 63 |
| 2015 IPC Shooting World Cup | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 18 | 9 | 27 |
| 2015 IPC Shooting World Cup | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 18 | 9 | 27 |
| 2015 IPC Shooting World Cup | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 18 | 9 | 27 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 96 | 48 | 144 |

Во квалификациски период од 01.04.2015-01.04.2016 година од санкционираните натпревари 267 мажи и 228 жени ќе изборат учество на игрите во зависност од остварените норми и поредокот на светската ранг листа на Топ 5 натпревари, а остатокот од 156 мажи и 11 жени ќе бидат доделени согласно остварената А квалификациска норма во период од 15.10.2014-20.06.2016 година според една мошне комплицирана формула, што значи дека е можно и не сите спортисти со А норма да се квалификуваат за Рио 2016. Бипартитната комисија ќе има на располагање квоти за 20 мажи и 10 жени.

Листата на Минимум А и Б норми (AQS и BQS) за атлетика ќе биде објавена на 01.01.2015 година.

**Athlete and Medal Event Quotas**

The number of medal events and athletes by sport as approved by the IPC Governing Board are outlined in the following table:

| | MEDAL EVENTS | | | | ATHLETES | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Male | Female | Mixed | Total | Male | Female | Total |
| Archery | 3 | 3 | 3 | 9 | 80 | 60 | 140 |
| Athletics | 95 | 82 | 0 | 177 | 660 | 440 | 1100 |
| Boccia | 0 | 0 | 7 | 7 | 80* | 28* | 108 |
| Canoe | 3 | 3 | 0 | 6 | 30 | 30 | 60 |
| Cycling | 28 | 20 | 2 | 50 | 150 | 80 | 230 |
| Equestrian | 0 | 0 | 11 | 11 | 22* | 56* | 78 |
| Football 5-a-side | 1 | 0 | 0 | 1 | 64 | 0 | 64 |
| Football 7-a-side | 1 | 0 | 0 | 1 | 112 | 0 | 112 |
| Goalball | 1 | 1 | 0 | 2 | 60 | 60 | 120 |
| Judo | 7 | 6 | 0 | 13 | 84 | 48 | 132 |
| Powerlifting | 10 | 10 | 0 | 20 | 100 | 80 | 180 |
| Rowing | 1 | 1 | 2 | 4 | 48 | 48 | 96 |
| Sailing | 0 | 0 | 3 | 3 | 65* | 15* | 80 |
| Shooting | 3 | 3 | 6 | 12 | 100 | 50 | 150 |
| Swimming | 80 | 71 | 1 | 152 | 340 | 280 | 620 |
| Table Tennis | 16 | 13 | 0 | 29 | 174 | 102 | 276 |
| Triathlon | 3 | 3 | 0 | 6 | 30 | 30 | 60 |
| Volleyball (Sitting) | 1 | 1 | 0 | 2 | 96 | 96 | 192 |
| Wheelchair Basketball | 1 | 1 | 0 | 2 | 144 | 120 | 264 |
| Wheelchair Fencing | 8 | 6 | 0 | 14 | 54 | 34 | 88 |
| Wheelchair Rugby | 0 | 0 | 1 | 1 | 94* | 2* | 96 |
| Wheelchair Tennis | 2 | 2 | 2 | 6 | 72* | 32* | 104 |
| Total | 264 | 226 | 38 | 528 | 2659* | 1691* | 4350 |

ПИНГ ПОНГ

Во пинг понгот ќе настапат 276 спортисти (174 мажи и 102 жени) во вкупно 29 индивидуални и екипни диссиплини (16 машки и 13 женски дисциплини).

Во 2015 година ќе се организираат 5 регионални првенства (Европа, Азија, Америка, Африка и Океанија) и победниците директно освојуваат квота, значи 55 мажи и 50 жени. Потоа најдобрите спортисти по класи на Светската ранг листа на 31.12.2015 година исто така се стекнуваат со директни квоти и тоа 99 мажи и 41 жени различно за секоја класа (се гледа од прилозена табела). Бипартитната комисија ќе додели квоти на 20 мажи и 10 жени.

**Athlete Eligibility**

To be eligible for selection by an NPC, athletes must:

- hold an active IPC Shooting Athletes License for the 2016 season;
- have achieved the following Minimum Qualification Scores (MQS) at two (2) IPC Recognised Competitions (IPC Competition, IPC Sanctioned Competition, IPC Shooting Approved Competition) in the same medal event between 1 January 2014 and 1 May 2016:

| *Event* | *Score* |
|---|---|
| *RIFLE* | |
| R1-10m Air Rifle Standing (SH1) | 600.0 |
| R2-10m Air Rifle Standing (SH1) | 390.0 |
| R3 - 10m Air Rifle Prone (SH1) | 623.0 |
| R4 - 10m Air Rifle Standing (SH2) | 620.0 |
| R5 - 10m Air Rifle Prone (SH2) | 628.0 |
| R6 - 50m Free Rifle Prone (SH1) | 605.0 |
| R7 - 50m Free Rifle 3 x 40 (SH1) | 1110 |
| R8 - 50m Sport Rifle 3 x 20 (SH1) | 540 |
| *PISTOL* | |
| P1 - 10m Air Pistol (SH1) | 547 |
| P2 - 10m Air Pistol (SH1) | 340 |
| P3 - 25m Sport Pistol (SH1) | 540 |
| P4 – 50m Free Pistol (SH1) | 510 |

Ова се спортовите кои во моментов се практикуваат во НФСРИМ-МПК, меѓутоа, може да се појват спортисти и во други спортови од програмата на летните Параолимписки игри во Рио 2016. Доколку ги исполнат национални квалификациски критериуми, сигурно ќе бидат дел од квалификациските натревари во периодот кој е пред нас.

Квалификациите за Рио штотуку започнаа, а ние од нашите стрелци очекуваме освојување на барем една квота веќе во јули, на светското првенство во стрелаштво, со што ќе станеме прва спортска федерација која има директен квалификувам учесник на следните Олимписки или Параолимписки игри во Рио 2016.

*Б.Јовановски*
















ISSN 1857-8470